**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на**
**Педесетата седница на Собранието на**
**Република Македонија,**
**одржана на 6.07.2000 г.**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Пеесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Талевски, Ѓулистана Марковска, Илинка Митрева, Радмила Шеќеринска, Јордан Бошков и Радомир Карангелески, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучи.

Минуваме на точката шест - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси, со Предлог на закон.

(Пратеници бараат збор процедурално)

Многу пратеници се јавени за процедурално.

Ќе ве молам, во врска со прашањата, јас реков дека денеска ќе имаме пратенички прашања, меѓутоа, со оглед на фактот дека немаме претставници, денеска, на Владата, на 11, во вторник, цела седница ќе ја почнеме и ќе имаме два часа пратенички прашања. Ќе продолжиме со седниците што не сме ги довршиле. Тоа ќе биде во вторник, на 11 јули.

Законот за високото образование ќе го гледаме на 18 јули, да имаме малку повеќе време.

Ќе ве молам, заменикот министер за финансии прв побара збор господинот Јордан Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Бидејќи по повод предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси, што во дневниот ред е нумериран како точка 6, се поднесени прилично суштински амандмани. Заради потребата од дополнителни консултации и обработка на амандманите предлагам оваа точка да се симне од дневниот ред и да се стави на некоја од наредните седници на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, точката 6 се одлага за наредната седница за да може Владата да ги разгледа амандманите.

Процедурално има збор г-динот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

без разлика што претседателот на Собранието на РМ, г-динот Саво Климовски, даде образложение, за пратеничките прашања, сакам да кажам, јас сум еден од оние многубројни во овие клупи кои седиме и чекаме ред повеќе од 12 месеци да поставиме пратеничко прашање, тоа што го бара гласачкото тело, односно граѓаните.

Затоа, би го замолил претседателот да ни даде можност да поставам пратенички прашања од сферата на финансиите, односно од ресорното министерство за финансии. А, како што гледам во меѓувреме исчезнал, заменикот министер за финансии, или, доколку не е овде, би ги поставил прашањата заради нивната ургентност, а да се одговорат во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, бидејќи имаме продолжение на седницата немаме нова седница, да имавме нова седница, во тој случај, при утврдувањето на дневниот ред тоа ќе можеше да се постави. Меѓутоа, во ваква ситуација, јас жалам г-дине Чифлиганец, не можеме за тоа што седницата тече по веќе утврдениот дневен ред. Ние сме на точката 7 и не можеме да ја прекинуваме за некој да постави пратеничко прашање. Затоа, еве, во понеделник, ако се согласат вашите колеги што се пред вас на ред, одново во вторник на 11, ќе имате можност да поставите пратеничко прашање.

Ќе ве молам, вклучете го господинот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине претседателе, знам дека во изборната кампања се лаже

народот. Меѓутоа, Вие да ги лажете пратениците и за 24 часа да го промените своето мислење, тоа не е логично. Вие вчера рековте дека денеска има пратенички прашања еден час. Вие вчера рековте пред овој највисок законодавен дом дека денеска ќе има пратенички прашања. Вие го менувате мислењето за неполни 24 часа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Знаете што г-дине Чифлиганец, и да имавме денеска пратенички прашања, јас не знам кои сте по ред овде, веќе има ред пред вас, сигурно 50 други.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас сакам да чекам и да кажам тоа што го мислам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве запишеме овде, кога ќе ви дојде редот ќе го кажете. Има други пред вас. Така што, не можам предвреме да ви дадам збор.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Не ми дадовте збор во дискусијата за доверба на Владата, не ми давате збор, кажете дали има смисла или без предметно е да бидеш пратеник од опозицијата односно од СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Знаете што господине Чифлиганец. Доставете го во писмена форма,ќе инсистирам на наредната седница да го добиете одговорот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Во текот на денешниов ден ќе го добиете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Доставете го.

Одиме по натаму. Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за усвојување на Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот.

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците што во меѓувреме излегле од салата, а ги нема доволно, 60 се присутни, картиците им се тука, да влезат во салата и да си ја извршат својата пратеничка должност. Затоа, што очигледно дека треба да дојдат да гласаат.

Значи, ги молам пратениците, не знам кога побрзо излегоа од салата, кои се излезени, да влезат внатре и да гласаат. Инаку ќе ја прекинам седницата.

Во моментот само 60 пратеници гласаат а има 68 картици во системот. Еве, сега ќе ги одземеме картиците па ќе видите колку ќе бидат.

(Реакции во салата).

Ќе ве молам, се работи во салата, не се работи во ходници јас не знам кога гласаа 66 пратеници а кога 7 излегоа.

Значи, ги молам, ако има пратеници, да влезат за да можам да го усвоиме заклучокот.

Уште еднаш ќе го прочитам заклучокот:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноци на имот.

Ве молам да гласаме.

(Реакции и меѓусебни дофрлувања од место).

Господинот Пранговски бара збор.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе, според бројките на екранот, се сомневам дека некој од овде присутните пратеници не гласале, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување.

(Пратениците креваат рака) .

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има поддршка од 10 пратеници и ќе се гласа поединечно.

Господинот Чифлиганец побара збор процедурално.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Го молам, звучниот и челниот пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, колегата Пандов да се јавно извини пред овој парламент и пред мене како пратеник на СДСМ, бидејќи бара од претседателот на Собранието на Република Македонија листинг дека Чифлиганец не гласал.

Јас знам дека тој е продолжена рака на поединци во партијата, но може да ги навредува сопствените сопартијци, а пратеник од СДСМ, конкретно за мене, тоа не важи.

Го молам претседателот листингот да го даде на колегата Пранговски. Јас гласав за. Со такви манипулации еден пратеник од партија на власт ВМРО-ДПМНЕ мислам дека не заслужува да седи на овие клупи.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не знам господинот Чифлиганец од каде утврди дека јас сум проговорил дека вие не сте гласале.

Добро, ќе ве молам, да ги оставиме тие престрелки, еве, поединечно ќе се прозива.

(Повеќе пратеници бараат збор процедурално).

Добро, што правиме сега со ова процедурално.

Да видиме дали не има или не нема.

Има збор г-динот Китановски.

**ЛАЗО КИТАНОВСКИ:**

Сакам да помогнам.

Дали некој гласал или не гласал, не е процедурален услов, за поединечно гласање.

Сомневање треба да има за бројот на тие што гласале за или против. Овде гласаа сите за. Значи, не е проблемот во немање кворум. Ако во меѓувреме кворум се направил, тогаш нека се повтори гласањето. Ве молам да работиме според Деловникот на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да го повториме гласањето.

Ќе ве молам, можеме ли уште еднаш да го повториме гласањето?

Ќе го повториме гласањето.

Уште еднаш ќе го прочитам заклучокот и ве молам да бидеме сериозни.

(Реакции во салата).

Ако констатирам дека навистина пак се 60, ако нема, тогаш ќе одиме на поединечно гласање.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа за.

1 е воздржан и два се против.

Дали Собранието го поддржува предлогот а оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласаа за, еден е воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот а закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Насер Зибер.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не претседателе, јас барав многу порано, така што сегашното мое јавување е без предметно.

Сакав да се произнесам по повод немањето кворум и вашиот апел за сериозност при изјаснувањето и присуството за седницата на Собранието.

Мислам дека е навистина несериозно да се бара сериозност од пратениците кога цела Влада ни е на туристичка тура, на аџилак, а тука инсистираат да им поминат закони. Навистина не гледам сврха зошто ние, особено од опозицијата да ви правиме кворум и да ви поминуваат закони.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Насер Зибери.

За збор се јави г-динот Илија Лазаров,процедурално.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Уште на оваа седница предлагам , господине претседателе, да преземете мерки овој систем на гласање под итно да се исфрли. Да се најде систем, а постојат такви системи, да најдеме луѓе, да формираме една екипа што ќе изготви систем точно да се знае присутноста. Не друго, туку присутноста. Затоа што куршлусот во овој систем е, тој е тука, седи, седи на седиштето но, не притиснува. Со тоа испаѓа дека тој не е тука. Затоа треба службите стално да трчаат по нас и да ги собир, картичките, што е непријатно и за нив и да не ги малтретираме луѓето. Ако ние несовесно се однесуваме или поединци од нас, не се тие должни тоа да го прават.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Лазаров, се работи во оваа сала. И, работите вие овде и гласате, а не гласаат картичките. Картичките ќе ви ги собере оној момент кога ќе излезете од салата. Повторно ќе ги земате картичките кај

службата. Значи, тоа е начинот на донесување на одлуки.

А, според Уставот, јас во секој момент треба да имам 61 пратеник овде, инаку ќе ја прекинам седницата, затоа, да не пронаоѓаме начин. Треба да се промени уставот, ако мислите треба да се промени нешто.

За збор се јави г-динот Александар Пандов, процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам конечно што ми дадовте збор.

Нема да се повторувам, конечно, она што го кажа господинот Лазаров. Но, за волја на вистината, како функционираат работите, постојат тука служби кои јас колку забележувам, постојано одат нагоре-надоле и кога ќе забележат дека има вклучена картица во системот а соодветно зад неа нема пратеник, тие ја вадат картичката. Јас верувам во она дека присутен број на пратеници е толкав колку што покажува на екранот. Значи, имаа толку картички колку што е. Тоа што го зборувате вие, тоа веќе функционира. Затоа, јас велам и тврдам дека има помал број на луѓе кои гласале, а кога покажува за присутни поголем број, дека некој едноставно, не гласал, а е присутен во салата.

На крајот на краиштата, секогаш кога ќе се случи тоа, да не велиме ние имало-немало, повикајте ги Вие, како претседател, нека избројат колку има присутни во салата, вие тоа не го правите и не знам зошто не го правите, затоа што јас постојано, самоиницијативно вртам со главата нагоре-надолу, ги бројам пратениците, гледам дека има онолку колку што пишува на екранот. Затоа е таа полемика има или нема.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа,пратеници, ќе ве молам, да ја прекинеме расправата со давање на сугестии. Имаме друг начин и се обидовме тој начин да го направиме а тоа е со лична прозивка. Тогаш ќе видиме кој е присутен а кој не е присутен, дали гласа, не гласа, што ќе каже, како ќе каже итн.

Јас ценам дека во овој момент во салата има повеќе од 61 пратеник и можеме да работиме.

Според тоа дајте сега да престанеме со идеи што се точно утврдени и во Деловникот и во Уставот и да не се надмудруваме сега имало-немало. Ви кажувам едно оној момент кога ќе излезете од салата, јас дадов налог на службениците да ви се одземат картичките, да не гласа друг за вас. Тоа е едно.

**САВО КЛИМОВСКИ**: (Продолжение)

Никој не може да ме убеди дека е неисправно, затоа што може некој да ја вметне картичката и до вечер да го нема до последното гласање, а да сметаме дека е присутен.

Второ, што е многу битно, да се разбереме, опозицијата може опструкција да ни направи, да се излезе сега надвор на кафе пауза и да не остави нас овде. Ние треба да поправиме кворумот од 61 пратеник. Тоа е основното прашање. Добро, да бидам коректен и да кажам така како што треба да биде.

Според тоа, да не ја бараме вината во другите дали биле или не биле. Можат да излезат, и имаат право на најразличен начин да го опструираат Собранието,ако оценат дека трака треба да биде. Досега тие се коректни и лојални, присуствуваат и т.н. и не можеме да очекуваме од нив да ни го прават кворумот. Прашањето е кај нас.

По ова прашање дали можеме да престанеме. Дали имате нешто ново да кажете г-дине Биљали.

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, секоја почит кон Вашата желба да се продолжи со работа во ова Собрание и мислам дека не заслужува коментар бидејќи до крај сте принципиелни од овој аспект. Меѓутоа, секому му е јасно дека тука немаме претставници на Владата, а имаме важни проекти Значи, тие си заминаа на аџилак, на приватна посета. Сега тука имаме само еден претставник на Владата, тоа е заменикот министер за финансии и секоја чест на него, најредовен е од сите. Меѓутоа, не би требало Собранието да се доведе до инфериорна положба и маргинална положба во однос на Владата.

Затоа, предлагам денес да прекинеме додека аџиите не се вратат од аџилак.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално има збор г-динот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, се јавив процедурално по две прашања.

Првото прашаше е: Сакам да го расчистиме поимот дали сме ние во Парламентот или семе на седница на

Владата, па постојано инсистираме на присуство на членовите на Владата. За оние закони што се денес на дневен ред, доколку имаме присутен претставник на Владата ќе работиме, ако немаме присутен претставник на Владата ќе одиме понатаму.

Што се однесува до рационалноста во текот на гласањето, пред нас имаме табла во која во првиот став стои "присутни". Почитуван претседателе и Вие би требало повеќе да обрнувате внимание на бројот на присутните. Зошто постои тоа "присутни", ако Вие не го гледате тој број горе туку го гледате бројот во последниот ред. На тој начин се елиминира проблемот. Проблемот е ако е пратеникот присутен во салата а не стиснал ниту едно копче, а по Уставот Парламентот валидно работи со мнозинство на присутните пратеници, од вкупниот број на пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во една таква ситуација, ве молам, да престанеме веќе да се расправаме со процедурални работи. Во една таква ситуација, ја имате онаа другата можност, 10 пратеници да предложат па ќе се прозиваме и точно ќе кажат "за", "против" или "отсутен". Тоа можеме да го направиме. Но за таква ситуација да не зборуваме, имаме начини.

Дајте сега да поработиме, имаме за две точки претставник на Владата. Ако дојдат други претставници на Владата ќе работиме,ако нема  да работиме по други точки.

Меѓутоа, едно сакам да Ви кажам пред да ви кажам пред целата македонска јавност. Секое отворање на микрофонот овде чини 30 илјади германски марки не смееме да си играме со тоа. Значи, седницата почетокот на седницата чини толку пари и затоа немојте така лесно да се откажуваме и неодговорно да се однесуваме во работата. Ние треба и сме платени да си ја сработиме оваа работа овде. Затоа, Ве чекам да дојдете, да имаме  кворум, да почнеме со работа и да донесеме некои акти кои задираат односно навлегуваат во судбината на многу луѓе. Нашата одговорност треба да биде тука.

Ќе ве молам, немојте сега процедурално да се исцрпуваме колку не има, што не има и т.н. Најбитно е  луѓето да бидат во салата и тие да одлучуваат. За мене тоа е основното мерило.

Г-динот Јонуз Абдулаи побара збор процедурално.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас не би сакал Ваш коментар на ова што ќе го кажам. Вие сте имале средба со координаторите на пратеничките групи, Претседателството на Собранието и сте се договориле. Нашиот координатор ни пренесе. Ние имаме координатор , заменик координатор и заменици на координатори. Затоа, ве молам, вие имате договор и работа со координаторите на пратеничките групи, а координаторите имаат работа со нас пратениците. Јас не би сакал воопшто некој да ја омаловажува улогата на пратеникот. Ве молам, тој кој не е редовен тој кој не е одговорен нека си ја сноси одговорноста. А зошто другите кои се редовни овде да си губат време, час-два за секакви реплики, уфрлувања и дофрлувања, ве молам , нема прекинување ка седницата, затоа е одговорна позицијата и според тоа имате можност да се договарате со координаторите, а координаторот на пратеничката група со нас. Ако координаторите не се во можност да се договорат со пратениците од своите пратенички групи, тогаш тоа е нивен проблем. Според тоа, јас сметам дека е одвишно понатаму да дискутираме, туку да работиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Абдулаи, јас сакам да покажам следното. Веќе одржав состанок со координаторите , тука се присутни и им реков до кога работиме, какви седници не очекуваат, кога треба со двотретинско мнозинство да одлучуваме и т.н.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Сите сме информирани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не знам дали сте информирани. Тоа е веќе нивен проблем. Други можности нема. Дури, на проширена седница на Претседателството тоа го направив. Имаат насоки, имаат план до крајот на јули месец што треба да се работи. Според тоа, прашањето можеби е на релација координатори пратеничка група и конечно односот на пратениците кон координаторите и кон Собранието. Тука не сакам да го коментирам тоа.

Ќе ве молам, да прекинеме со овие процедурални расправи.

(Неколку пратеници се јавуваат за збор).

Сега сака да се јави за збор пратеникот Илија Илоски, Горѓи Котевски, секој сака овде да каже по нешто. Дајте да

прекинеме со оваа работа, дајте да работиме.

Г-динот Горѓи Котевски се откажа од збор, дајте и вие г-дине Илија Илоски бидете коректни.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ.**

Само една секунда и ќе завршиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Една секунда, но уште тројца ќе повлечете по таа секунда.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Имам право.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имате право, повелете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, сакам да го поддржам предлогот на претходниот дискутант и навистина дали во рамките на пратеничките групи или во рамките на претседателството на Собранието треба да се преземат одредени мерки.

На пример, конкретно предлагам пратеникот Арбен Џафери дали во рамки на нивната пратеничка група или во рамки на треба да сноси одредени последици, затоа што не е должен пратеникот Илија Илоски да му држи нему кворум. Затоа, потполно се согласувам со неговата идеја да се преземат одредени мерки за оние кои нередовно доаѓаат на седница, а не најавиле оправдано отсуство.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Јас преземав одредени мерки во поглед на дневници. Други мерки немам, а не знам и тоа колку е исправно. Сепак, ќе ве молам г-да пратеници, не сме овде ученици во клас. Вие сте одговорни претставници на народот. Имајте почитување кон народот кој ве избрал. Да си ја извршуваме функцијата така како треба да ја извршувам функцијата. Јас се согласувам дека ниту еден од вас овде не апелираше да не се доаѓа, туку апелираше на нередовноста на другите кои постојано ги нема. Јас ќе го извадам списокот од последните 50 или 54 седници, па ќе видите кој колку присуствувал и тогаш по пратенички групи расправајте се и меѓу себе решете ги тие проблеми.

Г-динот Јонуз Абдулаи повторно се јавува за збор.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Што се однесува до процедуралната дискусија на колегата Илија Илоски, ние се согласуваме за оној првиот дел, но јас никако не се согласувам со него за одговорноста на Арбен Џафери, нашиот претседател на ДПА за неговото доаѓање. Тој си доаѓа кога чувствува дека има потреба и неговите обврски во партијата и парламентот тој ги извршува. Според тоа, нема право ниеден пратеник,ве молам, тоа беше практика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Абдулаи, не го спомнаа г-динот Џафери воопшто.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Ве молам, беше спомнат Арбен Џафери. Јас не го спомнувам Бранко Црвенковски, па затоа Ве молам уште еднаш да Ви кажам дека јас и другите пратеници сметам дека не доаѓаат за дневница овде од 700 денари, туку доаѓаат бидејќи се избрани од народот. Според тоа, да не ја девалвираме нашата улога, па потоа да ни бидат виновни другите. Според тоа, да ги оставиме овие дофрлувања и нафрлувања, да преминеме на работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, тогаш одиме на работа.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Почнаа пак да излегуваат.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

63 пратеници гласаа за, 4 пратеници беа воздржани и 1 пратеник е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот.

Преминуваме на Осмата точка - Предлог за донесување на закон за овластување на организации за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за овластување на организации за изработка на пригодни ковани пари.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

65 пратеници гласаа за, 5 пратеници беа воздржани и 1 пратеник беше против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

63 пратеници гласаа за, 4 пратеници беа воздржани и 3 пратеници се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

65 пратеници гласаа за, 5 пратеници беа воздржани и 1 пратеник беше против.

Констатирам дека Собранието поднесе Законот за овластување на организации за изработка на пригодни ковани пари.

Преминуваме на деветта точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон.

Предлогот аз донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, Дописот на ЗПК и Мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 122 став 2 од Уставот на РМ овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, иако денес немаме претставник на Владата, иако немаме присутни 81 пратеник односно двотретинско мнозинство,ќе ја искористам оваа прилика да го обра; ложам законот кој го предложи група пратеници од Либералната партија, со тоа што ќе се води расправа, а на една од наредните седници кога ќе се гласа за останатите законски проекти кои бараат двотретинско мнозинство , ќе го ставиме истиот закон на гласање.

Имено, група пратеници од либералната партија предложи Предлог за донесување на законот аз изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон.

Во постојаниот Закон за одбрана бараме да се направи измена во Законот во членот 7, кој би гласел:

"Војниците кои од верски, етнички или филозовски причини не сакаат да примаат и носат оружје воениот рок ќе го служат цивилно”.

Исклучок од став 1 на овој член се лицата кои се осудувани за кривични дела сврзани со употреба на насилство или недозволено изработување, набавување и држење на оружје, како и лица кои поседуваат дозвола за носење на оружје".

Оваа идеја и мотив беше од многуте делегации кои доаѓаат од Европа, од Хелсиншкиот комитет за заштита на човечките права, хуманитарни организации и ова функционира во светот и во Европа. Мислиме дека идејата може да помине и во Македонија.

Од тие причини, ЛП со Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ поднесе иницијатива за измена на Законот за одбрана, во која како прашање од приоритетно значење се наметнува потребата од цивилно служење на воениот рок за лица кои се повикуваат на приговорот на совеста.

Во членот 7, став 2 од Законот за одбрана се предвидува невооружени лица во Армијата, за лица кои од верски причини одбиваат да примат и носат оружје. Меѓутоа, тие лица воениот рок го служат 14 месеци, односно 5 месеци подолго од траењето на класичниот воен рок. Ваквото решение во голема мера отстапува од европските стандарди на овој план, каде цивилното

служење на воениот рок предвидува придобивка во напорите за развојот и поттикнуваше на човековите права и слободи.

Практиката на регулирањето на цивилното служеше на воениот рок во демократските земји е различна. Во некои земји се регулираат со Устав, а во други тоа го прават со закони. Меѓутоа, интенцијата е за постепено унифицирање на решението врз основа на меѓународните правни документи, а особено Европската конвенција за човекови права. Во досегашната приемна на членот 7 од Законот за одбрана се присутни повеќе проблеми, а особено оние во врска со припадниците на верските заедници на Јеховините сведоци, за кои и невооружениот облик на служење на воениот рок е неприфатлив од религиозни причини.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана што се предлага се предвидува цивилно служење на воениот рок за сите лица кои од верски, етички или филозофски причини не сакаат да примат и носат оружје. Исклучок од ова решение се лицата кои се осудувани за кривични дела, сврзани со недозволено изработување, набавување и држење на оружје, како и лицата кои поседуваат дозвола за носење на оружје.

Исто така, се предлага воениот рок да трае 9 месеци за сите војници, така што оние кои ќе се повикуваат на приговор на совеста не би се чувствувале казнети заради своите поинакви верски,етнички или филозовски сфаќања. Начинот на цивилното служење на воениот рок се предлага да се уреди со правилник што ќе го донесе Министерството за одбрана. Исто така, Министерството за одбрана ќе определи органи и ќе ја уреди постапката за оценување на основаноста на наводите на војниците кои од верски, етички или филозовски причините сакаат да примаат и носат оружје.

Имаме мислење и од Комисијата , имаме мислење и од ресорното Министерство за одбрана. наводно, информациите зборуваат дека Министерството не е против едно вакво уредување со изменување на постојаниот Закон за одбрана, но во тек е и постапка за изработка на новиот закон за одбрана кој овие забелешки како такви ќе ги инкорпорира.

Ние како предлагачи , членови од ЛП се согласуваме да се вклопи и не сме за парцијално решение, но знаејќи дека се пролонгира времето на донесување на законот, знаеме дека законот е во постапка, знаеме дека ќе фатат годишните одмори, локалните избори ова може да се пролонгира една година, може да се смени и друга филозофија во носењето на законот за одбрана.

Од овие причини , ние предлагаме со сите забелешки кои ќе бидат кажани од пратениците, кои ќе помогнат и со дополнување со амандмани, би ги прифатиле и не држи она прашање што се дискутираше на Комисијата за одбрана и внатрешна политика, затоа што ова би била некоја новина. Не, и сегашниот Закон ја уредува оваа сфера со тоа што и денес во Република Македонија служат лица кои не сакаат да носат оружје од разни етички , филозофски или било кои побуди, но тие се казнети да служат 14 месеци.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**:(продолжение)

Ние цениме дека треба да бидат унифицирани и да биде унифициран во едниот рок, да бидат изедначени, со истите права, оние кои го служат цивилниот рок и оние кои го служат воениот рок со носење оружје.

Од тие горе изнесени причини му предлагаме на Собранието односно на пратеници да ги прифатат овие забелешки затоа што ова функционира секаде во Европа, Хелсиншкиот комитет за заштита на човековите права, а овде се наметнува и едно друго прашање, да се унифицира со девет месеци и сме против она што дел од Јеховини сведоци и дел од други религиозни касти итн, не знам од кои побуди не сакаат никакво служење на воениот рок. За да се надминат тие работи, ние нудиме да се унифицираат , да биде служењето на воениот рок 9 месеци и нека се изјаснуваат по сопствена желба.

Она што беше дискутирано на самата Комисија дека може да се случи сега да ги правиме, нашите граѓани, нашите идни чувари на Македонија да се пишуваат по разно разни касти, верски заедници и други случаи, ова не е некој стимул за идните војници затоа што и денес постои можност да служат во РМ припадниците на АРМ , само со тоа што служат 14 месеци.

Од тие причини на Собранието му предлагаме да го прифати овој наш предлог закон и да се пролонгира гласањето, кога Собранието ќе го утврди потребниот број на можни гласови, со оние два закони кои ни останаа од вчерашната седница, да се обезбеди кворумот 81 пратеник и да се гласа и по овој закон. Значи кога ќе го обезбедиме доволниот број на пратеници.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Слободан Даневски како еден од тројцата предлагачи на овој закон.

Збор побара г-динот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас се јавувам за дискусија по повод овој закон, бидејќи учествува и во дискусијата во Комисијата за одбрана и внатрешна политика и сметам дека сум должен да дадам некои објаснувања зошто самата Комисија зазема негативен став по овој закон за народна одбрана. Ние всушност и не заземавме негативен став и сите дискусии на пратениците кои дискутираа по овој закон, за промената на член 7, поради верски и филозовски причини, го сметавме за современ закон, во согласност со европските и НАТО трендовите и дека е во согласност со легислативата на армиите кон  кои сакаме да се приклучиме со наша интеграција во НАТО структурите. Така да , оној дел дека законот има добра содржина, дека обработува добра тема и дека треба да најде место во нашите идни законски решенија, го поддржавме и се изјаснивме за него. Тука немаше никакви дилеми за сите нас. Меѓутоа, овие дилеми кои се појавија кај нас беа во тоа што во процедура во Владата е еден посеопфатен и посуштествен закон за народна одбрана , кој веќе е во процедура. Сметаме дека решавањето и на овој дел од народната одбрана, овие проблеми на народната одбрана, за кои и претставникот на Владата во Комисијата не увери дека се некои слични решенија па сметавме дека требаше да се решат во склоп на сите решенија, во новиот закон за народна одбрана кој, според уверувањата на претставникот на Владата се на праг на владина процедура, што сметаме дека е навистина нешто што ќе се случи набрзо и во Собранието на РМ каде ќе можеме навистина да го разгледаме тој закон, да го менуваме и доградуваме, па и за едно вакво решение можеме да интервенираме со амандманска расправа и сл. Така да ние сметавме дека, во изработката на тој закон за народна одбрана за кој реков дека е сеопфатен, посуштествен и поглобален во однос на ова решение бидејќи работат луѓе кои се стручњаци и се компетентни од областа на народната одбрана, и ќе ни помогнат да најдеме едно глобално решение за сите аспекти кои се проблематични во народната одбрана , а сметаме дека се остава и отворен пат за решавање на проблемот што го напомнаа и колегите, на сличен или на ист начин, со евентуално наше разгледување повторно во комисиите, во собраниска процедура и евентуално интервенција во поглед на тоа, ако не кореспондира со она што го бараше колегата пратеник Слободан Даневски. Така да воопшто не е дискутабилно дека законот е добар, меѓутоа за нас не беше проблем, како што беше кажано дека е новина, тоа не беше проблем, ние сме за новини, за промени на законот за одбрана, за позитивни промени како што е оваа, меѓутоа, сметавме дека сепак тие промени треба да одат во согласност со другите промени заедно. Сметаме дека ваквиот начин на служење се провлекува подолго време кај нас и дека нема потреба од толкаво брзање, бидејќи ако навистина законот е пред владина процедура наскоро ќе дојде и во собраниска процедура, така да промените навистина ќе дојдат брзо. Токму затоа апелирам уште еднаш да размислиме, и на овој начин дека сепак ќе дојде наскоро во собраниска процедура, после владината процедура, еден закон за народна одбрана кој ќе има сеопфатни решенија. Тоа беше единствена причина која не натера нас како Комисија да се изјасниме така како што се изјаснивме, да сметаме дека законот треба да го поддржиме во склоп на целокупното менуваше на системот на народна одбрана со новиот закон за народна одбрана.

Инаку на крајот уште еднаш сакам да повторам дека ние како Комисија не бевме против самото решение на предлагачите, на групата пратеници. Го оценивме како позитивно, како современо и апсолутно потребно да најде свое место во идниот закон за народна одбрана. Значи тука некаде е конфликтот помеѓу овој закон и ставот на Комисијата за внатрешна политика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Златко Стојменов за објаснувањето на ставот на матичната комисија во врска со овој предлог на закон.

За збор се јави г-динот пратеник Горѓи Котевски.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Една мала исправка .

Почитуваниот пратеник Златко Стојменов потенцираше дека законот за народна одбрана, тоа народна веќе не

постои . Значи тоа е закон за одбрана. Значи тоа е една мала исправка.

Сакам да кажам дека во Комисијата за одбрана се водеше многу квалитетна расправа и јас како претседател на оваа Комисија апсолутно стојам на становиштето дека секогаш пратениците во Собранието на РМ треба да даваат иницијативи или за донесување на нови закони било за измени и дополнувања итн.

Она што како образложение го даде Златко Стојменов важи.

Меѓутоа јас сакам уште на еден мал дел да укажам.

Премногу е одделен овој закон за одбрана на РМ. Ние се наоѓаме пред едно вклучување во структурите на НАТО, оваа материја се договара со Брисел , овој закон , измени и дополнувања, што е во владина процедура и што треба да дојде во собраниска процедура може да има и одредени експертизи. Токму поради тоа не треба да избрзуваме.

Напротив ја поздравуваме иницијативата на Либералната партија, дури и сметам и нека биде и маркетинг. Меѓутоа се она што е поставено во темелниот акт на РМ, во Уставот, навистина овој пат со измените и дополнувањата на законот за одбрана, ќе мора да го внесеме и тој мора најсовремен закон и мора да биде усогласен со оној на европските структури и на НАТО. Токму заради тоа ние рековме дека не даваме поддршка на овие измени и дополнувања од страна на ЛП, туку го чекаме законот во целосна верзија , така како што треба , а се бара и поголемо мнозинство, како што рече и Даневски и затоа ќе мораме да причекаме и им се заблагодаруваме на предлагачите на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Горѓи Котевски за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Мислам дека ставот на Комисијата се сосема вред. Иако законот е мал сепак тој зафаќа многу повеќе аспекти од колку што изгледа на прв поглед.

Само да потсетам дека во постоечкиот закон е утврдено дека цивилниот рок се служи само од верски убедувања, заради верски убедувања, затоа што тие се најмалку сходни од аспект на нивната точност и отфрливост на тие факти. Кај моралните и филозовските можни се големи злоупотреби. Може секој еден од разно разни причини, за да не служи воен рок, во смисла на служење со оружје , да му биде тоа изговор за да избегне, како граѓанин да ги изврши своите обврски утврдени со Уставот и законот. Инаку во светот сите најголеми светски религии, како што е православната, католичката, муслиманската, не се согласуваат да не се служи во армијата на својата држава со носење на оружје.

Втор аспект кој е многу важен е следниот: Ова на прв поглед изгледа симпатично. Меѓутоа и во оние земји каде што тој поим е, да речам растеглив и може да се примени во повеќе случаи, во тие земји практично прашањето на безбедноста е решено со професионална армија. Тие во принцип имаат солидна бројчана, според нивните потреби и технички опремена професионална армија и она што значи служење на воениот рок е само дополнување или обука или пак служење во национална гарда, како што е САД итн. Тие држави можат да си дозволат, да речеме условно, таков луксуз. Јас се плашам дека ние односно убеден сум дека не сме во таква ситуација, живееме во една доста критична зона и секоја можност и< секоја можност за можна злоупотреба да веруваме дека нема да биде, меѓутоа можно е тоа, би одело на штета на безбедноста на РМ. Сакам да кажам дека не ќе можеме ние дури и да имавме 80 присутни пратеници во Парламентот, сега преку колено да ја пресечеме таа работа. Треба да се испита, да се анализира што би значело , од аспект на пополнетоста на армијата на РМ, на нејзините ефекти, да се земат анализи за служењето во последните години на пр. од осамостојувањето на РМ и формирањето на нејзината армија. Откако тоа ќе се направи, тогаш да се утврдат можните измени во тој правец.

Инаку постоечкото решение мислам дека е сосема солидно затоа што кај верските убедувања тоа неспорно може да се утврди. Дури ако има обид за можна злоупотреба тоа да се утврди со помош на верските книги каде што верниците да речеме можат да бидат евидентирани. Кај другите, кај филозовските, моралните, разбирам дека има и такви луѓе , меѓутоа тешко можете да утврдите дали тоа е од филозовски или морални побуди, или пак едноставно за да се избегне служењето на армијата. Со други зборови мислам дека овој предлог треба да се гледа заедно, во пакет со измените кој ги најавува министерството за одбрана.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Му благодарам на г-динот Лазар Китановски за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници,

Идејата на овој закон завлегува во корпусот на човекови права. Меѓутоа од друга страна треба да се постави рамнотежата на корпусот на човекови права во РМ и должностите на граѓаните кон државата.

Кај мене има една две дилеми околу овој предлог на закон, бидејќи веројатно е потребна некоја поопсежна анализа. Прво, ние немаме бројка на приближен број на вакви лица, граѓани на РМ кои од религиозни причини би биле спречени да носат оружје или да служат во армија. Таква бројка нема. Ако за мене е разбирливо косењето на религиозните причини со носењето оружје и служењето армија, за мене тотално е недефинирана категоријата етички и филозофски причини. Знаете тоа е голем манипулативен простор заради тоа што секој ќе с« земе за право и утре ќе рече моите етични причини не дозволуваат да служам во армија, или не дозволуваат да носам оружје итн. Бидејќи носењето на оружје е обврска за војникот, треба да го носи оружјето,. да го чува, да го чисти итн, секој сака да ги намали своите обврски колку е можно, или да се избегне служењето на воениот рок. Затоа велам во ваквиот предлог ако стојат религиозните причини кои на некој начин можат да се проверат, ако некој се декларира за припадник на некаква религија која тоа му го забранува, етичките и филозовските причини не можете никако да ги докажете, не можете никако да ги верификувате. Според тоа во предлогот, етичните и филозовските причини, треба да се избришат, може да стојат религиозните.

Понатаму разбирлива ми е идејата за еднакво служење на воениот рок. Меѓутоа, колку ми е познато и во некои европски земји каде што се применува некој ваков тип на закон, служењето без оружје итн, е подолго од стандардното служење, токму заради тоа да ги избегнете манипулациите. Главно таквото цивилно служење на воениот рок е во социјални установи или за социјални потреби на државата, во здравствените установи, помош на разните лица, старските домови итн. Меѓутоа, не знам дали е најдобро решение да се изедначат бидејќи тогаш секој би сакал во истиот период, ако е тоа ист период, да помине колку е можно полесно. Затоа постојат доста дилеми. Претпоставувам дека на Комисијата е водена квалитетна расправа, меѓутоа треба да се направат дополнителни анализи за бројот на ваквите лица, што би значело тоа во бројка за армијата, ослабување на безбедноста, ослабувањето на расположливиот број на војници итн. Етичките и филозовските причини, како што реков треба да се избришат од законот, бидејќи тоа е, реков, широк простор за манипулација.

Од како ќе се направат сите овие анализи, откако ќе се до дефинираат некои работи дури тогаш можеме да размислуваме за еден ваков закон. Сега за сега со сите овие не до дефинирани елементи тешко е да се пресуди за или против ваквиот закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Никола Јованов.

За збор се јави г-динот пратеник Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, како член на Комисијата за внатрешна политика и одбрана на; која што се водеше расправа од прилика пред две недели по овој предлог закон, сакам да го искажам своето мислење и својот став што и таму го кажав. Во врска со предлогот на групата пратеници од ЛП за измена на членот 7 од сегашниот Закон каде што прецизно се дефинира со нивниот предлог цивилно служење на воениот рок од 14 месеци, колку што е сега предвидено со актуелниот закон, да се изедначи, како и со оние регрути односно оние војници кои ќе служат воен рок со оружје, на девет месеци.

Колегата претседател на Комисијата, Горѓи Котевски пред малку кажа каков беше ставот на Комисијата. Јас уште еднаш пред Собранието сакам да го кажам мојот личен став и како член на Комисијата и како припадник на политичка партија, дека не се согласувам со овој предлог закон од следните причини. Некои од причините ќе ги повторам, бидејќи претходните говорници ги кажаа, меѓутоа сакам целосно да го пренесам своето мислење и затоа ќе ми дозволите и да ги повторам.

Првата причина е што мислам дека е премногу либерален и е во стилот на духот на ЛП, веројатно, не води сметка за одредена група, односно квалификација, категорија

која е широко дефинирана и е изразена како етички и филозовски принципи и гледања. Тоа е извонредно широк поим.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ**:(продолжение)

Тој широк поим кој може да дава слобода на секој иден регрут или сегашен регрут , да се изјасни дека според неговите етички и филозофски гледања тој не сака да служи воен рок со оружје и ќе служи во цивилно.

Втората причина која сметам дека е исто така многу значајна во однос на регрутите кои служат воен рок со оружје. Ако вака се усвои овој предлог, тогаш на некој начин создава кај самите регрути една дискриминација односно, нерамноправност. Зошто ние би го изедначиле рокот на служењето на воениот рок на оние што служат со оружје и оние без оружје, зошто би го направиле исто, тогаш би ги ставиле оние кои служат воен рок со оружје во една дискриминирана положба, зошто? Затоа што оружјето е обврска, но создаваме можност да имаме условно речено војници потенцијални убијци и војници актуелни свештеници.

Вака како што е сега со сегашниот предлог закон тоа го потврдува последната дискусија од г-динот Јованов во многу европски земји каде е ова дозволено во корпусот на човековите права, дозволено е служење на цивилен воен рок, меѓутоа, никогаш не е изедначен, колку што ми е познато, овде има експерти од таа област, веројатно имаме и претставник од Министерството, не е изедначен со оној рок кој се служи со оружје.

Следната работа за која би сакал нешто да кажам кои беа мотивите за моето спротивставување во контекст на овој закон, инаку иницијативата и идејата на Либералната партија и на претставниците апсолутно ја поддржуваме и во контекст на тоа секоја една иницијатива од пратеници за закони, но следната причина е доста интересна.

Во Македонија во последно време земја во транзиција и земја на еден крстопат, историски и географски се случува многу интересна работа која верувам на голем број од граѓаните им е познато, а тоа е масовно агитирање на претставници на одредени верски секти по куќи, по станови, улици, агитирање и врбување, една мала експанзија на тие секти. Сите тие секти меѓу другите нивни кодекси, ако ги имаат, еден од главните кодекси е не служење на воениот рок некаде воопшто ни во цивилството, а другиот е не служење со оружје. Јас молам да се води сметка како тоа ќе се одрази врз младата популација која во една ваква нестабилна положба во која се наоѓа не внатрешно нашата држава, туку опкружувањето може да провоцира запишување во такви секти со цел да се избегне служењето на воениот рок со оружје. Зошто? Затоа што временскиот рок е ист и за едните и за другите.

Четврта причина за која не се согласувам со овој Предлог на закон, мислам дека оваа земја е прилично мала, во изминатите 10 години е самостојна, независна држава, својата Армија ја формира со тешки маки и сега е во фаза на изготвување на компатибилност на нашата Армија со НАТО-стандардите, но сепак секоја земја треба да има своја Армија. Ние не сме така силна држава и по потенцијали , но пред се по човечкиот потенцијал, воениот потенцијал, па да избришеме некоја бројка потенцијални регрути како Германија, Италија и некоја друга земја во која нема да се одрази нешто значајно во вкупниот прилив.

Една од основните забелешки која и претходниот говорник ја кажа е моја лична, не сме се договарале по овој закон, прв пат и драго ми е што имаме исто мислење затоа сме веројатно во иста Партија, дали предлагачот на овој закон направил посериозни, посеопфатни анализи бројчани, конкретни, колку од потенцијалните регрути во Македонија и колку од Армискиот состав актуелен, сталeн ќе биде одразот доколку овој закон вака се донесе? Мислам дека тоа е една од клучните работи што недостига, ако направил , тука се известителите, мислам на предлагачите на законот, можат да ме корегираат, јас не видов бројки во Предлогот на законот и затоа мислам дека треба да се оди доста сериозно и со внимание кон овие измени.

Предлагам и сугерирам на претставниците на Министерството за одбрана во изготвувањето на новиот закон за одбрана да се води сметка за овие елементи, пред се, да не се наруши безбедноста на државата и нејзината борбена способност и да не создадеме еден нов момент, едно ново движење во Македонија со омасовување на секти, на секакви видови на етички, филозофски, само да се избегне служењето на воениот рок, кој знаеме каков е сегашниот одзив. Слушнав и прочитав некои оптимистички вести дека последните неколку класи е

нешто повисок одзивот, но вкупниот одзив го знаеме.

Од овие причини сакав да го кажам моето мислење како пратеник и како член на таа Комисија, зошто бев против овој закон и уште еднаш предлагам изготвувачите на новиот закон за одбрана да ги земат во предвид овие елементи при компонирањето на овој корпус од законот.

Благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Илија Прангоски за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, би сакал со мојата дискусија да се приклучам кон онаа група пратеници без разлика на политичката припадност и партиската припадност кои се залагаат овој закон да не се разгледува во Парламентот, т.е. ако може да се одбие, бидејќи по мое лично гледање станува збор за еден сериозен законски проект кој прво ги става во една нерамноправна положба граѓа-ните на РМ од уставен аспект. Значи, едни ги преферира, други на некој начин ги става во подредена положба, меѓутоа, тоа не е основното прашаше кое ме поведе да се јавам за дискусија по текстот на Предложениот закон.

Моето лично убедување е дека би направиле катастрофална грешка ако прибегнеме кон донесување на овој закон дури и кон разгледување на текстот иако влеговме во материјална расправа на денешната седница по истиот, бидејќи РМ со своето постојно законодавство се доближува до земјите членки на Унијата од таа сфера и со високо развиените земји од рангот на СДЦ , Јапонија и Канада, во сферата на регулирање на прашањето на верските слободи на граѓаните на РМ. Ние немаме никакви причини и во рамки на тоа така либерално законодавство кое , по мое лично убедување, дури ја става во подредена улога Македонската Православна Црква во однос на останатите верски заедници во РМ, сега некои појавени секти во последните години во РМ на овие простори кои земаат замав да се преферираат над останатите припадници на верските заедници или МПЦ.

Поаѓајќи од нотерниот факт дека трите глобални религии што се етаблирани на овој простор во државата РМ, православието, католицизмот и муслиманството, кои во принцип поаѓајќи од нивните догми, од нивните догматски постапки, не го негираат служењето на воениот рок со носење на оружје, дури мислам тука Куранот и Библијата се доближуваат во третирањето на етичките принципи на однесување на поединците, ние немаме никакви причини за некои мали лоби групи, сега овде да влегуваме во парламентарна расправа дури да им погодуваме со некој закон за олеснување на нивните намери што сакаат да ги постигнат.

Јас имам податоци дека тоа не е проблем само во РМ, дури е проблем од светски размери појава на сектите и разнебитување на глобалните религии и дека светот најсериозно се зафаќа со решаваше на овие проблеми и најсериозно го сфаќа деструктивното делување на одредени секти кои се јавуваат во домицилните држави и тоа деструктивно делување на одредени организации кои скоро во 90 случаеви носат некој верски предзнак. Фактички тоа му претставува некаква камуфлажа и се крие зад тие верски предзнаци, а делуваат на разнебитување на целокупните состојби на државите каде се така организирани.

Од тие причини би ја цитирал Резолуцијата на Европарламентот која е донесе на 29.11.1996 година, која децидно гласи "Резолуција за заштита од сектите во Европа". Преферирајќи ги сите членки на Европската Унија, преферирајќи ги верските слободи на своите граѓани до максимално можни гранки, тие сепак ги увиделе злоделата кои можат да настанат од формирање на овие секти на некој начин Европарламентот во 1996 година притиснат од моменталните состојби на разнебитување на се и сешто во нивните домицилни држави, прибегнување кон донесување на оваа Резолуција.

Минатата година , имам податок, дека конкретно оваа секта што се спомнува во Законот на која сака да и се погоди, т.е. Јеховините сведоци се оценети како најдеструктивна секта правена во рамките на протестантизмот и затоа во Швајцарија со закон е забранета Сектата да делува натаму.

Имам исто така прецизни информација дека Германија се подготвува да донесе закон за забрана на делување на Јеховините сведоци, затоа што сите тие луѓе кои се организираат во некакви организации со верски предзнак имаат многу подлабоки корени за разнебитување на целокупните процеси на живеење во државите.

Затоа ме зачудува фактот што под плаштот цитирање на декларациите на Хелсиншкиот комитет на човекови права ни се потура овде како кукавичко јајце сега

ние за она што треба да го уништиме на овие простори и да не помислуваме уште еднаш да ни се појави, ние уште да им кажеме"во ред, вие сте многу подобри од другите, па не треба ни да ја браните оваа држава. Друго е прашањето на прагматично делување во оваа сфера. Јас сум свесен дека во овие високо развиени држави што ги спомнав членките на Унијата САД, Канада, Јапонија итн., се решаваат на некои начин и овие прашања, меѓутоа, сите тие имаат и платени армии.

Ние затекнати во оваа ситуација ако прибегнеме кон едно вакво вулгарно решение на носење на овој закон , јас одговорно тврдам и гарантирам дека преку ноќ би настанало расчуло во нашата Армија и онака слаба безбедносна структура која е манифестирана со разно-разни инциденти во последно време, би руинирала до крај. Тогаш мислам дека не е потребно ни да дискутираме по овој закон , ниту како пратеници и како луѓе бирани од народот да се седиме во овие простории.

Исто се согласувам со дел од дискусијата на претходниот говорник, г-динот Прангоски, мислам дека треба да се бараат многу подлабоки корени овде, не е чисто прашањето дали неговата вера или секта му дозволува да носи оружје или не, меѓутоа, проблемот е на залажување и привлекување на голем број млади луѓе кои од оваа сфера не прочитале ни две брошури. За жал, се уште не сме завлегле во сферата на верското образование на македонската популација и во една ваква не едуцираност на населението предстои огромна опасност големи групи на луѓе еднократно да се приклучуваат , ако не друго, барем само заради овој попуст. Ако Европската Унија со Декларација се бори на еден многу софистициран начин да го спречи делувањето на разните секти што се појавуваат во рамките на нивните глобални религии признати на тие простори, ние сега овде преферираме и си дозволуваме. Големи популации од православието, муслиманството, католицизмот, преку ноќ да преоѓаат во нивните вери, заради добивање на вакви дури и законски олеснувања донесени од наша страна.

Затоа би ве молел и би сугерирал до пратениците овој закон воопшто да не се дискутира повеќе, а камо ли да се гласа и да се чека двотретинско мнозинство, па да се пушти во процедура.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илија Илоски, за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, се јавив за збор , бидејќи и на Комисијата расправавме и нормално јас како член на Комисијата за внатрешна политика, одбрана го дадов своето мислење, но чувствувам за потреба неколку реченици да кажам во овој миг , односно во овој случај.

Прво, треба да се поздрави иницијативата од страна на предлагачите што предлагаат вакви закони, односно дополнувања на закони, бидејќи самиот претседател, г-динот Климовски јавно ги пофали одредени пратеници дека е добро што предлагаат такви закони и тоа одат кон тоа што на некој начин пратениците го даваат својот придонес во врска со она за што сме повикани , односно, како членови на овој Законодавен дом.

На Комисијата имавме различни мислења во врска со овој Предлог закон, токму заради тоа што одредени пратеници ме известија дека Министерството за народна одбрана веќе подготвува таков закон и на некој начин овие проблеми се решени во тој закон. Меѓутоа, јас бев еден од нив кој предлагачите ги поздравив оти има и такви предлагачи и од други сфери на законодавството и мислам дека сепак треба да се поздрават , а не да ги осудуваме оти се иницијатори на такви решенија за законодавството на РМ.

Но, што е спорно овде за мене? Спорно е тоа што на некој начин се знае што е улогата на секоја армија и за нашата Армија на РМ пред се тоа се тие војници чија обврска и задача е да ги чуваат границите, односно суверенитетот на државата. Таквото нешто нормално дека се чува со оружје и кога некои негови колеги се ослободуваат од носење на оружје, јас не би рекол дека правиме грев, меѓутоа, правиме разделба меѓу нашите војници, така што да речеме во наводници самите војници ќе ги делиме на оние кои се "агресивни", бидејќи носат оружје и некои "помеки", односно "неагресивни" заради тоа што не се во состојба заради нивните верски убедувања дека повеќе го ценат животот на луѓето за разлика од оние кои носат оружје. Заради тоа, мислам дека на некој начин со стариот закон се привилегирани што не носат

оружје, мислам дека служат 14 месеци, па потполно се согласувам со претходните дискутанти не дека не сме да се донесе таков закон, односно таква привилегија за таквите војници, меѓутоа, мислам дека правиме голема штета врз нивните колеги кои на некој начин ги третираме под наводници дека тие се "поагресивни" односно не ги ценат животите на другите, за разлика од некои.

Мислам дека и на Комисијата бев воздржан, а како што гледам дека овој закон бара двотретинско мнозинство, јас мислам дека пак ќе бидам воздржан, ако дојде до гласање, меѓутоа, предлагачите да не сфатат дека ние ги критикуваме заради она што прават политички маркетинг. Мислам дека тие го дале својот придонес и за сето она за што тие се залагале треба да ги поздравиме. Меѓутоа, кога се знае дека треба да има двотретинско гласање, мислам од другата страна Владата , односно Министерството за одбрана, подготвува таков закон, треба да се чека и да се види какво решение нуди новиот закон , односно новото решение за законот за одбрана.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Оломан Сулејмани за учество во расправата.

За збор се јави господинот предлагач пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Добро, иако е вака мал закон, побуди големо интересирање, но она што провејуваше во сите дискусии на сите дискутанти, тоа е дека се наметна погрешна констатација. Овој закон не нуди не служење на воениот рок. Мислам дека сме ја погрешиле темата, ако дискутантите зборуваат дека оваа измена на законот не е служење на воениот рок, никаде не го третира. Ние, во суштина, бараме изедначување на оние од верски, филозофски и од било кои побуди, служат воен рок сега согласно членот 7 став 1, каде стои: "Служењето на воениот рок трае е месеци. Од исклучок од ставот 1 на овој член војниците кои од верски убедувања не сакаат да примат и носат воен рок се служи 14 месеци". Ние сакаме унифицирање. Значи, служат девет месеци. Она што беше и кажувањето на господинот Илија Илоски и ни држеше тука предавање за секти, мислам апсолутно ја погреши темата. Не стана збор ни за секти, ни за православие, ни за муслиманство, тој апсолутно ја погреши темата. Сите начелно се сложуваат. даваат поддршка, но. со една резерва. Тоа ме потсеќа кога во ова Собрание по наш предлог беше носено да се менува името на Титов Велес, Од СДС рипнаа, знаете ли што правите, името ќе се менува Тие го сменија и не помина еден месец, не Титов Велес, туку се вика пак Велес. Исто ќе се случи и со овој закон. Ова има притисок од она што ако сакаме да се категорираме во НАТО структурите и нашиот хендикеп е сега што немаме претставник од Министерството за одбрана. И ова решение е ставено во новиот закон. Ако се филозофијата да не оди од нас, од пратениците на Либералната партија, ние ќе го повлечеме законот. Ние ќе почекаме да дојде, не може сега да дискутирам, бидејќи нема претставник, затоа што во самото решение на законот кој го нуди Министерството за одбрана е инкорпорирано и ова решение да се унифицира девет месеци. Што би се случило, ако знаеме дека овој закон се носи до 2/3 мнозинство. Овој закон може да не се донесе и до крајот на мандатот. Кој гарантира дека било кој закон во Собранието со 2/3 мнозинство ќе помине. Од тие причини, знаејќи ние дека со новиот закон за одбрана, ние бараме да се унифицира да оди со девет месеци. Тука нема некое друго недоразбирање. Она што сакаат да кажат, кои бројки? Па, и сега да беше претставникот на Министерството за одбрана во моментов да го прашање колку бројки, кои бројки, ќе ти каже дека тоа е деловна тајна на државата. Не можете вие да знаете колку регрути има, што јадат итн. Едно време пишуваше во новините дека се намалува воениот рок во Република Македонија затоа што 12 месеци е многу скапо, ние сакаме ваква армија да направиме, не може да се плати и големи се трошоците. И, сега, кога се залагаме за интегрирање во НАТО структурите и се работи на тоа, се дава една можност да имаме и професионална армија, платена армија за обезбедување на границите. Што е ефектот ако вие ставите човек на граница, а дискутираме толку многу часови од оваа говорница, служи војска со оружје. не го употребува оружјето. Тоа е штетно и за него и за границата и за државата и за сите. Едно време се залагаа некои пратеници дека ќе бидеме демилитаризирана зона, пацифисти и не знам што, сега еволуираат во размислувањето. Добро. тоа е нивни став, Ние како група предлагачи остануваме на овој предлог. Сигурно дека ќе се усогласиме со Министерството за одбрана и ќе бараме во дел на законот да се инкорпорираат овие наши размислувања и ако треба ќе настапиме заедно, односно ќе

го повлечеме законот ако е вградено. А, имаме информации дека овој наш предлог, измена на членот 7, 2-а и 2-б дека ќе влезе во новиот закон што ќе го предложи Министерството за одбрана,ние остануваме на ова. при првото обезбедување на кворум од 81 пратеник, да се гласа по овој законски проект. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика побара господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да не останеме недоречени, да биде јасно за вкупната македонска јавност. Во образложението што го имаат поднесено групата пратеници кои го предлагаат овој закон, некаде во средината, во четвртата алинеја децидно стои вака: "Во досегашната примена на членот 7 од Законот за одбрана, присутни се повеќе проблеми, а особено кога од верска со припадниците на Верската заедница на јеховините сведоци". Значи, јас воопшто не ги измислив јеховините сведоци дека не носеле оружје и не сакале да носат, иако знам дека тоа е така. Самите предлагачи во образложението дадено кон текстот на Предлог-законот, го кажуваат истото.

Второ. јас реков дека се задржувам само на еден сегмент на законот што е интересен за мене во овој момент и кажав од кои причини. Не се согласувам да ме прозивате дека сум ја промашил темата, бидејќи слободно можам да кажам, ако не ме разбра што кажував, тој ја промашил воопшто идејата зошто предлага ваков закон. Затоа што последиците се многу поголеми од она што сакаме да го постигнеме со менување на еден член. Кажав од кои причини се поголеми, да не се повторувам сега. Јеховините сведоци дефинитивно во сите развиени европски држави, во САД, во Јапонија, во Канада, а и овде тоа треба да се направи, се прогласени за сатанистичка секта. Во рамките на своите статути што се пријавени кај домицилните држави, воопшто не делуваат она што го пишуваат. Затоа, постепено почнува хајка против и забрана за делување под фирмата јеховини сведоци. А, ние овде што правиме? Во овој закон им погодуваме токму на нив, а тоа реперкусија она што претходно го говорев, прилив на многу млади верници од веќе трите етаблирани религии на овие простори, кои меѓу себе не си прават проблеми. Секако, заведување и на малолетници во Република Македонија. Еве, да бидам поконкретен, завчера мене ми се случи на Партизанска стоев до трафика да земам весници и почнаа да ми делат од брошурите. Притисок се врши до невидени граници од протестанските секти и ние како држава мораме да водиме сметка, за да се заштитиме. Инаку, можеби отскокнува мојата дискусија од контекст на еден Закон за народна одбрана, меѓутоа, мислам дека круцијалното прашање, тука оние последици што следуваат отпосле со давање на вакви привилегии на одредена структура на населението во Република Македонија. Наместо овде да утврдиме норми на однесување и на полицијата и на војската и на другите институции на државата, кои иако во рамките на законите се дадени големи рамки за изразување на верските права и слободи на граѓаните, сепак, преку едни софистицирани форми треба да се делува на скратување на нивните можности на делување на овие простори и разнебитување на она што мене конкретно ме тангира во конкретниов случај, на православието.

Затоа, би ве молел, воопшто јас не ја промашив темата, воопшто не измислив токму оваа секта да ја посочам и вие самите ја имате напишано, а ако не ја разбирате мојата идеја што ви ја кажувам цело време, тоа е ваш проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Илија Илоски.

За збор се јави господинот Слободан Даневски како одговор на репликата.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Мене ми е многу жал што ете првиот пат лошо се произнесе господинот Илија Илоски. Вториот пат многу лошо прочита. Никаде во ова наше образложение по однос на законот не стои дека ние ги форсираме јеховините сведоци. Да му прочитам на Илија Илоски и еве што кажуваме ние: "а, особено оние во верски, во врска со припадниците на верските заедници на јеховини сведоци, за кои и невооружениот облик на служење на воен рок". (Два пати го повтори овој текст). Да ви биде јасно ова го кажувам по три пати, е неприфатливо од религиозни причини. Што значи јеховини сведоци не сакаат никако да служат воен рок. Ние никако не фаворизираме ниедна секта. Немојте да ја изместувате темата. Ние кажуваме вака: "Оние регрути кои се во Армијата и кои од разни побуди", а тоа ќе се уреди и таму е кажано "начинот на цивилното служење на воениот рок се предлага да се уреди со правилник". Тоа значи ако се уредува со правилник, правилникот ќе го даде Министерството за одбрана, со што ќе донесе министерот за

одбрана. Исто така, Министерството за одбрана ќе определи органи и ќе ја уреди постапката за оценување на основите на војниците, кои од верски, етнички или философски причини, не сакаат да примаат и да носат оружје" . Многу јасно и децидно. Ова дава право на Министерството за одбрана да ги уреди внатрешните односи, дали ќе им најдат работа која ќе биде профитабилна и која тие нема да ја служат со оружје, ќе работат на друга работа, тешка работа итн., тоа ќе си го уреди Министерството. Никаде не стои фаворизирање на јаховини сведоци. Тука слушаме држење на лекции, какви биле јеховините сведоци, фаворизирање, законот бил промашен. Вие ја промашивте темата господине Илоски. Воопшто никаде не спомнавме ние никаде ни за секти, ни за муслиманство, ни за христијанство. Ние рековме Хелсиншкиот комитет за човекови права, а и за ова не сте добро информирани, секаде во светот и во Европа има и ден денеска, прочитајте, во сите држави стои дека служат цивилен воен рок. Како се уреди и со кои критериуми, тоа е во секоја држава посебно дадено. И, денеска во Македонија постои служење на цивилен воен рок во траење од 14 месеци. Ние бараме да се изедначи служењето на воениот рок да биде девет месеци. Многу јасно и децидно. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Слободан Даневски.

За реплика се јави господинот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас навистина, кога дискутиравме на почетокот по повод законот, не сметав дека ќе се измести вака дискусијата во овој правец и мислев дека пратеникот Илоски ја измести во погрешен правец, бидејќи за нас од почетокот на дискутирањето и дилемата околу законот, воопшто не постојат религиозни дилеми, дилемите за секти и слично. Не може сега со една ваква дискусија ние да почнеме да размислуваме, да ги диференцираме луѓето дали некои ги поддржуваат јеховините сведоци, сектите и слично. Мислам дека тука се употребија многу тврди зборови. Еве, јас ги запишував, зло, заложување, убедување, уништување, опасност, значи, едни тврди зборови кои мислам дека содржат во себе екстремизам и исклучивост. Законот е добронамерен оди и размислува за доградба и надградување на постојните човечки права во Република Македонија. Слободно ќе кажам дека јас сум православен христијанин, меѓутоа, не сметам дека на некого можам да му го скратам правото да биде било која религија, значи, слободата на вероисповеста не можам да му ја скратам. Сметам дека сите луѓе со наполнети 18 години се свесни за својата религиозна, национална и друга припадност, така што апсолутно тоа е во склад со корпусот на човековите права, кои ги има во современите земји. Кога веќе се повикуваме на современите земји во едни САД, дури се смета за неучтиво да се праша човекот за неговата религиозна припадност. Така што, сметаме дека не треба да ја изместуваме дискусијата кон тоа на тема религии, на тема секти, туку треба да ја водиме кон законска регулатива, еднакви граѓани пред законите на Република Македонија, правата на луѓето на религиозни и верски, па и други убедувања и да ги почитуваме нивните убедувања. Така, сметам дека расправата треба да оди во тој правец и во таа смисла сите луѓе, сите членови на Комисијата ги поддржавме идеите дека идеите како идеи во поглед на човековите права на размислувањата за усогласувањето кон европските принципи, се на место и исправни.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Златко Стојменов за репликата.

За реплика се јави господинот пратеник Илија Прангоски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Благодарам господине претседателе. Не е класична реплика, се јавувам уште и за дополнение на претходната моја дискусија. Со оглед дека навистина малку се изместува темата од дискусијата во врска со овој предлог на закон, сакам уште еднаш да укажам на две работи. Се јавувам во врска со претходното зборување на господинот Даневски кога кажа дека според негови информации веќе во предлогот на новиот закон за одбрана членот 7 е регулиран како што е и Предлогот на овој закон. Сакам да ја искористам приликата и да кажам уште еднаш. Да се земат предвид и овие дискусии. Не се согласувам со изедначувањето на служењето на воениот рок со оружје и служењето на воен рок во цивилното да биде временскиот рок на служење изедначен. Мислам дека се прави неправда. Дека се обесправени оние кои што ќе служат воен рок со оружје и сметам дека Министерството за одбрана ќе треба да води сметка како тоа ќе се одрази. Ајде, да не зборуваме за тој сегмент на религиозните секти, но треба да се води сметка за овој

момент што е кажан, а уште еднаш го потенцирам, што значи тоа од етички и филозофски причини и гледања. Тоа е извонредно широк поим во кој што можат да се сместат многу различни етички филозовски гледања.

Втората работа, бидејќи ние живееме на овие простори, на Балканот,сакав само да укажам на едек пример. Како е можно, до колку се изедначи служењето на воен рок со оружје, временски со служењето на воениот рок во цивилство, како е можно дека тоа се случува. Само сакам да укажам на квотите за упис на факултетите. Луѓето во желба да се запишат на некој факултет, користејќи го тоа право што го дава законот, се пријавуваат и се кажуваат дека се, еве, од Македонци се прикажуваат Албанци, од Македонци се пишуваат Роми, од Бошњаци се пишуваат Бошњаци. Мора да се води сметка за овие работи. Сметам дека одбраната на секоја земја е сериозна работа. Не викам дека е опасна, не викам дека;ова е некое ретроградно мислење, кое што не е компатибилно со новите европски трендови, но уште еднаш ќе потенцирам да правиме разлика меѓу една Германија, една Франција и една Македонија, која има мала армија и која што има нестабилно опкружување околу. И, да не ги изгубиме и оние регрути и војници кои што сакаат чесно и поштено да си го отслужат својот воен рок со оружје како што треба и како што доликува, да не ги изгубиме во името на некои повисоки етнички принципи, кои што на крајот ќе ни се вратат како бумеранг.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Прангоски.

За реплика се јави господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Сите пратеници, имам чувство дека најдобронамерно влегоа во оваа расправа да придонесат со своето становиште, меѓутоа испадна дека на крајот сепак се работи за политички маркетинг на Либерална партија. Од нешто што сите мислевме дека не е добро да се расправа за вакви закони од маркетиншки побуди. Затоа, мислам на крај претставникот од таа партија рече дека оваа формулација ќе биде во законот и еден ден пак ќе мора да ја прифатите. И, сега, ајде ние како една мала партија да добиеме некаков поен, па да го пуштиме законот и да се покажеме добри спрема младата генерација и ако може да добиеме некој поен. Мислам дека тоа не е добро за било која партија. Безбедноста на Република Македонија е над проблемот на религијата. над проблемот на совеста, над многу други проблеми и барањето, еве ќе го кажам мојот став и на Пратеничката група, изедначувањето на служењето на воениот рок на оние со оружје и без оружје, мислам дека не е добро, не е прифатливо и не е добро за самите млади луѓе. Тие тогаш го губат рамноправниот статус. Да не направиме од Армијата на Република Македонија шеталиште или нешто за престој без никакви сериозни обврски спрема државата. Затоа, мислам дека дури и самиот предлагач треба да го повлече овој закон. Решението, јас реков во дискусијата, решението, впрочем, такви решенија постојат во многу држави дека оние кои од одредени причини не сакаат да носат оружје, тогаш служат многу повеќе месеци воен рок од своите други припадници на генерацијата при служењето на воената обврска.

Да повторам уште еднаш. Станува, главно, за држави кои имаат професионална армија и каде што овие проблеми не се чувствуваат воопшто или се маргинални, како додатен фактор.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Лазар Китановски.

На репликата сака да одговори господинот пратеник Слободан Даневски. Повелете.

**СПОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господинот Китановски, бидејќи почна да меша партии, видовме ние во понеделникот што направи СДС. Катастрофа, си го уништи рејтингот и испаднаа здробени. Доживеаа катастрофа, ако зборуваме сега за политички партии, јас не сакам сега да коментираме што е за политичките партии. Ние предложивме како група пратеници во однос на тоа што беше министер и добро е познато и новиот Предлог закон за одбрана, кој децидно кажува дека Армијата, знаејќи на кој простор и како, затоа што сме мала држава, многу лесно може да се уреди одбраната, дека ќе се професионализира. Ако се професионализира, со кое право ќе имаат тие регрути, кои ќе платат 5 или 10 илјади германски марки противвредност и нема да служат воен рок.

Нашето залагање е да дојде до изедначување . Имаме информации и хендикеп е, заради тоа што немаме

претставник од Министерството за одбрана. Ќе каже и претставникот на Министерството, како што кажа во расправата на Комисијата дека во новиот Предлог-закон се кудат и вакви решенија. Ние овој предлог не го повлекуваме и еве нека биде, нека се задоволи господинот Китановски, ова е маркетинг на Либерална партија, Ова е маркетинг на Либерална партија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Лазар Китановски повторно се јави, повелете.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас извлеков дека е маркетинг, бидејќи самиот пратеник кажа дека тоа во законот ќе биде. Според тоа, штом ќе биде дајте ние да го предложиме, па може некој поен да добиеме.

Инаку, да не зборуваме за партиите - вели група пратеници, а тоа се тројца пратеника. Јас би замолил следниот пат ако може групата да биде од пет пратеници од Либералната партија, веројатно така ќе делуваат поубедливо, Меѓутоа, како што тргнале можат да останат само на еден потпис.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Одиме понатаму со расправата.

За збор се јави господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Денеска расправаме за предлогот за донесување на закон за Армијата. Мислам дека многу работи се злоупотребуваат, многу се маркетинзираат, но јас сакам да кажам овде, бидејќи нема претставник од Министерството за одбрана, минатиот пат поставив пратеничко прашање на кое и ден денес не ни е одговорено, иако е поминато месец и пол.

Во Република Македонија се служи армија и колку од која националност служат армија и колку се зема во армијата. До поставив токму тоа прашање и барам во писмена форма да ми се одговори. И ден денес не ми е одговорено, зошто? Затоа што се манипулира. Тука разговараме за една праведност, разговараме за граѓани во Република Македонија, разговараме за армија, за безбедност во Република Македонија, но сега најмногу се манипулира со ромската националност, која најмногу ја земаат во армијата. Токму околу тоа барав да ми се даде информација колку Роми, колку Турци, колку Албанци, колку Бошњаци, колку Македонци и колку други националности служат армија во Република Македонија, значи се прави манипулација и сакам да знам, иако нема претставник од Министерството за одбрана, но ова го побарав за да знае македонската јавност и сите пратеници, и да остане во стенографските белешки, затоа што треба да се донесе закон за служење на армија. Значи, со тоа се врши злоупотреба на ромската националност, директен атак. Зошто? Гарантирам дека служењето на армија колку што постои во Република Македонија армија према квота, према тоа колку граѓани сме во Република Македонија, многу повеќе ромите ги земаат во армија, затоа што не се вработени, не се ова, не се тоа, а сите тука се удираат во гради, сите кажувате ова она, ваму таму, а ниеден од Вас не кажува дека се злоупотребува Ромската националност со тоа што најмногу служат во Армија. Затоа не ми се даде информација за тоа колку Роми служат и колку други националности има во Армијата.

А, тука разговараме кој со оружје, кој без оружје. Јас мислам дека задолжително е во Армија секој оружјето да си го фати во рака, затоа што тој е граѓанин на Република Македонија и мора да си ја брани својата држава доколку дојде до некоја ситуација. Затоа се оди во Армија на Република Македонија, доколку е потребно да може да си ја брани својата држава, а не да брани овци или стада, крави или говеда во Армија да го стават, да не биде со неповерење да им се дава оружје во рака. Со тоа сакам да кажам ако сите како граѓани служиме Армија, би требало рамноправно, процентуално колку граѓани од која националност се. Во Република Македонија сме 64.000 Роми кои имаме право на глас, а Роми многу се земаат во Армија и гарантирам дека 30% од Армијата се Роми. Ако идеме по квота која е дозволена во Министерството за образование, кои користиме квота од 1% и би требало од 1% да служиме и Армија. Значи, тука треба да ја гледаме рамноправноста во Република Македонија, колку имаме право во образованието, толку да имаме право во служење на Армијата. Значи не сме рамноправни. Законот кога ќе се носи треба да се донесе сите да бидат рамноправни, како што е во образование

така и за служење во Армија, со 1%. Зголемете ја квотата за образование, зголемете ја и квотата за служење на армија. Значи, манипулација се врши со Ромската националност. Во Уставот и во преамбулата ние сме признати во Република Македонија како граѓани на Република Македонија, како националност Роми и не сакам да се злоупотребува. Еднаш за секогаш треба да се знае, ова треба да го дискутираме, а не треба да дискутираме дали некој ќе земе оружје или нема да земе, или некој Ќе служи со оружје, а некој без оружје. Треба да дискутираме за тоа до колку години Ќе Се служи Армија. Тоа прашање не е регулирано апсолутно. Има луѓе кои се на работа во странство и се враќаат на 35 - 36 години и уште на граница ги притвораат и ги носат директно од аеродром во Шуто Оризари и ги носат да служат Армија. Значи, не е регулиран статутот до колку години треба да се служи Армија. Тоа прашање да го регулираме, тој закон да се донесе. Значи во Република Македонија имаме многу пропусти за тие работи.

Другите работи, околу секти, секта дали била ромска, дали била македонска, дали била католичка, дали била јеховинска, или која била, за мене преставува во Република Македонија ако е државјанин на Република Македонија да си оди да си служи армија како секој граѓанин што треба да си служи, а најнормално според квотата како треба да служи. Овде многу зборувавме, реплициравме, одолговлечуваме, но дајте да пуштиме да го донесат законот, па кога ќе ни го предложат овде околу тој закон да дискутираме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Амди Бајрам.

Господинот Слободан Даневски бара реплика.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ние сите укажувања од господинот Амди сериозно ќе ги прифатиме, но за господинот Китановски како еден од идеолозите на СДСМ и во понеделникот што го доби, тоа е во негова режија. Тој беше режисерот за Хард Рок рекетари. Ако тргне вака СДСМ на еден ќе остане, а ние Либерална партија сме тројца. Тоа што се врати Перо во матичното јато и се појача, човекот се спрема да биде претседател на СДСМ, а за тоа се залага и господинот Китановски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Мухамед Тахири.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Предлогот на закон за одбрана по мое мислење во моментов и во времето во кое живееме не е можно да биде прифатлив, бидејќи предлагачите на овој Предлог закон заборавиле на моментот зошто служи воениот рок и зошто се повикуваат граѓаните да служат воен рок - да се обучуваат да ракуваат со оружје. Не знам дали има податоци колкава е бројката на војниците кои *ќе* служат воен рок без оружје и дали е поголем процентот на овие војници без оружје од војниците што носат оружје. Да не испадне дека имаме АРМ, но не смееме да носиме оружје од причини наведени во Предлог законот. Во дадениот момент кога ќе треба да се бранат тие ќе се бранат со камења или нешто слично. Затоа сум против ваков Предлог закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Мухамед Тахири за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Уште веднаш да кажам дека во убедување сум до крај антимилитаристи, не верувам дека при условите што ги има Македонија при политички,безбедносни, воени, геостратешки и итн. Не верувам дека нешто повеќе може да направи овде една реалистичка политика и надворешна и внатрешна, кога се работи за внатрешна политика значи се претпоставува дека внатрешните односи мора да се решат врз основни цивилизирани вредности, европски итн, во однос на надворешната политика, секако би требало да Се забрзаат интеграционите процеси во рамките на Европа и пошироко. Меѓутоа, мора да бидеме реални и да се согласиме дека живееме во еден простор и во едно време и овој сегмент никако не значи дека би требало да се игнорира. Меѓутоа, јас сакам да кажам нешто друго во однос на ова прашање, многу важно.

Многу важен сегмент е да се спрема професионално и не сум убеден оти пратениците кои не се директно вклучени и професионално во овој сегмент можат да предложат нешто кое ќе биде во согласност со стандардите, нормите и принципите кои треба да ги исполниме како идна членка на НАТО инт. Нас ни е според стандардите на НАТО неопходно едно сериозно престројување и тоа не само на човечкиот ресурс кој е најлесен, меѓутоа и техничкиот и технолошкиот кои Се многу сложени и многу е Тешко такво прилагодување, престројување особено при нашите економски и социјални состојби. Значи, постојат детални норми и правила и стандарди од страна на НАТО и веројатно Македонија е на самиот старт на исполнување на овие стандарди, па јас не верувам дека некој друг освен тие што се детално упатени, професионално можат да предлагаат нешто во однос на ова многу посложени и бараат време, средства и ангажирање.

Во однос на служењето на воениот рок со можност да се отплати, а да не се служи воениот рок, сметаме дека тоа преставува своевидна класична дискриминација од причина што, да се изразам со наједноставни зборови, изгледа Се е на грбот на сиромавиот. Имено, за него Се најтешките работи, за него е најниската плата, за Него е дури и земјата да ја брани, а за другиот слој, привелигиран слој, тие можат да ги менуваат колите, вилите и местата каде *ќе се* одмараат итн. Мислам дека тоа е своевидна класична дискриминација и јас сметам дека тоа нешто е против Уставот и духот на Уставот на Република Македонија, меѓутоа во суштина предлогот е многу штетен и навредувачки за слоевите кои не се во состојба да го плаќаат воениот рок.

Во однос на прашањето дали на некои ќе им се дозволи да носат оружје со ист рок на траење, мислам дека не би требало да се поставува вакво прашање од причина сепак тој слој што нема непосредно да носи оружје пак е поврзан со дејностите на оружјето, па и убивањето, било како лобистичка поддршка, било како друг сегмент, било како служби кои се непосредно поврзани. Мислам дека тешко можете да исклучите каузална врска помеѓу тој што директно убива и оној што него му спрема ручек.

Јас мислам дека ова прашање би требало сеопфатно да се анализира и би требало да се размислува за воведување тотална професионална војска, оперативна и професионална, што ќе беше многу поефективна од ова што моментално дејствува, или ние претпоставуваме ако масовно ги ангажираме луѓето дека така ќе биде.

На крај, многу е важно нашите глави и од главните на луѓето се повеќе да се симне сфаќањето и убедувањето дека со милитаризам се решаваат прашањата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Мерсел Билали за учество во расправата.

Збор има господинот пратеник Латиф Пајковски.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, би сакал јас како еден од предлагачите на овој закон, да кажам неколку збора.

Нема многу што да кажам после она што господинот Даневски го кажа околу целата идеја за предлагање на ваков закон, меѓутоа, слушајќи ги претходните дискутанти, можам да констатирам дека всушност се работи за две разни работи.

Едната е всушност ставот на Комисијата на која што беше разгледуван овој Предлог закон, а тоа е дека се работи за две процедури -едната на нашата Пратеничка група и едната на Министерството за одбрана, кое што се наоѓа во фаза на подготвување нов Закон за одбрана на Република Македонија. Во тој контекст се размислуваше дека прашањата кои ние предлагаме да се регулираат со нашиот предлог, всушност би требало поцелисходно да бидат анализирани и решени со тој закон. Тоа е едно прашање за кое што ние како предлагачи сме подготвени да дискутираме.

Друго прашање е тоа што очигледно во одредени дискусии се сакаше да се измести целата наша идеја. Всушност како да се заборави дека се работи за иницијатива поднесена од Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија и според она што јас го знам таа иницијатива беше доставена и до други пратенички групи. Ние во нашата партија оценивме дека ќе биде добро ако подготвиме и му предложиме на Собранието донесување на закон за изменување на членот 7.

Исто така, во одредени дискусии како да се заборави дека всушност во Македонија и денеска имаме цивилно служење на воениот рок. Со нашите предлози ние предлагаме изедначување на

времетраењето од 14 месеци, колку што е сега, на е месеци, колку што е всушност и нормалниот рок за служење на воениот рок. Така да воопшто не држат тезите дека одредена група на граѓани од Република Македонија на кои што со прифаќање на нашиот предлог ќе им се овозможи скратување на воениот рок за пет месеци и поголема група ќе тргнат да бидат членови на некои секти и одредени други верски групации и исклучиво само заради тие пет месеци.

Инаку, ние исто така бевме иницирани и со неколкуте случаи во Република Македонија кога одредени граѓани заради своите верски убедувања беа притворани, осудувани и праќани на отслужување на затворски казни токму заради нивното верско убедување дека не сакаат да служат воен рок, односно не сакаат да имаат контакт со вооружување.

Инаку навистина ми е жал што во последен момент на нашата желба за политички маркетинг беше разоткриена, но сепак убеден сум дека целта е постигната.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љатиф Пајкоски за учество во расправата.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок но претходно ги молам сите пратеници да влезат во салата за да можеме да гласаме.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана.

Ве молам да гласаме.

14 пратеници гласаа за, 14 воздржани и 40 против.

Според тоа,констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на Законот со Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, дописот на Законодавно-правната комисија и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, денеска пред вас имате еден предлог исто така од пратеник за изменување и дополнување на Законот за државјанство. Бидејќи веќе при доаѓање ми дофрлуваа некои колеги со добра намера се разбира, јас уште на почетокот по се изгледа треба да признам дека се работи за политички маркетинг за да не им дадам можност после на другите тоа да го повторуваат неколку пати. Но, сепак верувам дека ќе имам поддршка од пратениците од кога ќе образложам за мојот предлог, односно за измените и дополнувањата во законот. Точно е дека јас како пратеник мотивиран сум и сум консултирал некого за да се одлучам за измени и дополнувања на Законот за државјанство. Но, за разлика можеби и од Владата и од Министерството и од други категории во извршната власт, мојот најдобар консултант како пратеник ми е самиот граѓанин, затоа што сепак тука сме за тие граѓани и кога граѓаните непрекинато доаѓаат и имаат проблеми околу тоа што значи стекнување на државјанство и кога проблемите се и во рамките на Законот а понекогаш и во рамките на сето тоа што е администрација за добивање на државјанство, се разбира и со исклучоци затоа што во текот, односно за овие години откога е во сила овој закон во самата процедура и во самата администрација и компетентните луѓе имаше и има луѓе кои навистина пробаа на неколку начина употребувајќи ја и техниката, употребувајќи ја волјата се разбира за да им се помогне на граѓаните, но имаше и меѓу нив се разбира кои ниту сакаа да го спроведуваат законот, ниту сакаат дополнително да им помогнат на граѓаните полесно да се здобиваат со тоа што значи државјанство. Законот за државјанство на Република Македонија, Собранието на Република Македонија го донесе во 1992 година. Предлагач на законот тогаш беше тогашната влада на актуелниот министер за одбрана господинот Никола Кљусев. Откако Владата на господинот Кљусев го пушти во собраниска процедура овој закон, пратениците Албанци тогаш на ПДП-НДП остро се спротивставија на одделни одредби на овој закон, знаејќи дека на жителите на Република Македонија со потекло од другите ЈУ републики, а особено на припадниците на албанската националност овој закон ќе им создаде

големи проблеми. Затоа што забелешките на пратениците на ПДП по однос на одделни одредби на овој закон од страна на собраниските комисии и од самото Собрание не беа прифатени. Се разбира револтирани ја напуштивме седницата на Собранието и не присуствувавме при донесувањето на Законот. А морам да ви кажам и тогаш беше тренд: излегувај од Собранието. Мислам дека тогаш ја направивме таа грешка затоа што тоа што следува сега користејќи ја таа прилика тогашната пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, мислам и на пратеникот тогашен господинот Тодор Петров наместо цензусот од 5 години кој беше предложен од Владата на Република Македонија односно од Министерството, наместо цензусот од 5 години за добивање на државјанство, се разбира еден од критериумите, предложија амандман тој цензус да биде со 15 години и амандманот беше прифатен и од тогашната влада и од тогашното Собрание, а на граѓаните им нанесе многу проблеми при стекнување, односно добивање на државјанството. По донесувањето на овој закон жителите на Република Македонија па и граѓаните на Република Македонија се соочуваа со потешкотии и проблеми од оваа област. Во периодот од донесување на законот па до денес при неговата практична примена се покажа дека ние пратениците на ПДП сме биле во право и дека одредени одредби на овој закон им создаваат потешкотии на граѓаните на Република Македонија. А јас како пратеник го предлагам овој закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, а со единствена цел поедноставување на начинот и постапката за прием во државјанство на Република Македонија.

Јас сум убеден дека сите пратеници во принцип се согласуваат со мојот предлог кој има единствена цел да се надминат проблемите кои ги имаат граѓаните на Република Македонија, а за кој впрочем и ние сме тука. Имајќи го тоа во предвид дека Законот прави разлика помеѓу децата од исти родители родени во Република Македонија и странство и ги става во нерамноправна положба тие што се раѓаат во странство во споредба со тие што се раѓаат во Републиката. Со измената на член 4 и 5 од Законот, предлагам тие деца да се стават во рамноправна положба, затоа што мислам дека нема смисла дете родено во Република Македонија и дете родено во странство, а од исти родители се разбира, едниот да добива државјанство со потекло, а другиот треба да чека да наполни 18 години и дури тогаш да бара државјанство на Република Македонија. Со предложената измена на член 7 предлагам цензусот од 15 години да се намали на 5 години, а исто така имајќи го во предвид тоа дека во пракса одредбата која на органот му дава можност да го одбие барањето, а истото да не го образложи и остава голем простор за злоупотреба на оваа одредба од страна на органот. Во пракса се случуваат и такви случаи, да речеме и жени од 65,70,80 години да им се даде негативно решени и да им се рече дека: Вие ја загрозувате безбедноста на државата, однос но на Република Македонија. Мислам имавме и такви апсурди,имавме и такви примери кај нашите граѓани што навистина тоа ни беше и целта да не се дозволува едно вакво дискреционо право на човекот, односно тој што е компетентен да даде и вакви образложенија. Односно на еден начин се бара на тој што бара државјанство непосредно и отворено да му се рече со што и како ја загрозува безбедноста на државата.

Со измената на член 9 барем да им се овозможи на нашите жители кои се во брак со државјани на Република Македонија, а се на

привремена работа во странство да можат да поднесуваат барање за прием во државјанство, а истовремено не мора да ја напуштат работата во странство за да живеат една година непрекинато во Република Македонија. Имавме и такви бракови, има такви бракови. Ние на еден начин правиме голема грешка кога под некоја принуда дека мора последната година граѓанинот, односно жителот на Република Македонија да остане една година непрекинато тука за да може користејќи го тоа право после три години да добие државјанство, да остане една година, последната година тука. Тогаш, таа последна година би значело да ја напушти работата таму каде што работи во странство, една година да престојува тука и кога ќе се врати нормално ќе го изгуби работниот однос, односно работното место според моите информации бројката од жителите на Република Македонија кои се на привремена работа во странство, а од овие причини го немаат регулиран државјанскиот статус е околу 10.000. Имаме една таква состојба што во едно пошироко семејство едни го имаат регулирано овој статус, а на другите им се оневозможува истото да го направат. Јас мислам дека не треба тука многу да образложам, затоа што се случува имаме брат со брат, разликата е во тоа што едниот

ако нашол начин преку одредени процедури итн. веќе има државјанство, под истите услови неговиот брат со неговото семејство нема државјанство. Сега едниот брат или е некаков функционер, или е поблиску до тоа што значи власт, или веројатно има и нешто друго, не би сакал тука да шпекулирам, но се случуваат и такви работи во рамките на едно семејство едниот со неговото потесно семејство има државјанство, добива државјанство, а другиот под тие исти услови не добива. Имајќи ги во предвид и некои написи во средствата за јавно информирање, сакам да ја информирам јавноста и со тоа истите да ги демантирам, а истовремено вас господа пратеници, колеги да ве информирам дека Законот што го предлагам потполно е усогласен со Конвенцијата за државјанство на Советот на Европа и дека не се точни наводите дека овој предлог се коси со таа конвенција. Напротив, овој предлог го усогласува нашето законодавство со европското морам да признам дека пријатно бев изненаден од пресот на портпаролот на Владата во врска со овој предлог со тоа дека Владата истиот го прифаќа, па дури како нејзин предлог, а од друга страна добив мислење од Владата кое воопшто не кореспондира со пресот на Владата на РМ. Добро, после излезе дека тоа било некоја грешка, меѓутоа, јас во моментов пријатно се чувствував затоа што еве, владата го прифати мојот предлог за измени и дополнувања на Законот. За мислењето на Владата по однос на овој предлог господа пратеници, најнапред би сакал да ви обрнам внимание дека тоа мислење од материјален аспект не е направена согласно позитивните прописи. Имено, согласно Уставот на Република Македонија Владата е должна по однос на законите кои ги предлагаат други овластени предлагачи да се произнесе во насока на тоа дали го прифаќа предлогот како таков или со одделни изменувања и дополнувања, а кој треба да ги даде во форма на амандман, или му предлага на Собранието да не го прифати предлогот. Во никој случај Владата нема такво право да го негира правото на пратеник да предлага закон и предлогот на пратеникот да го упатува на работна група заради правната основаност и оправданост на предложениот предлог. Ова е нонсенс на ваков начин да се негира правото на пратеник кое е загарантирано со устав да предлага закон. Имајќи ги во предвид сите овие содржини, односно сета оваа содржина и на мислењето на Владата на Република Македонија, јас мислам дека сепак ние уште еднаш, не знам дали смеам да кажам уште еднаш, затоа што ретко се случува предлог на закон да се усвојува во Собранието од пратеник. Тоа значи дека ние и понатаму како пратеници се доведуваме во ситуација да удираме по празна слама, што значи дека само ако е предлогот од Владата на РМ може да помине, а пратениците како и секогаш по некој исклучок, јас колку се сеќавам дали два, три предлози од моето искуство, од моето присуство во овој Парламент поминал досега. Но, како и да е самиот факт дека граѓаните изразуваат желба да имаат државјанство на Република Македонија за мене и политички значи многу. А кога велам политички значи многу, тоа значи дека граѓаните, жителите на Република Македонија па нека бидат и странците ако изразуваат желба да имаат државјанство на Република Македонија, јас дури претставував можеби во една изјава, но мислам дека добро реков, па нека биде некогаш и Македонија една ветена земја да не бидат само Америка, Австралија и Западна Европа. Во овој случај можеби некој може да ме квалификува како многу либерален по овој однос но сепак мислам дека тоа и политички значи многу граѓаните да бараат државјанство.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (продолжение)

И на крајот, измените и дополнувањата во членот 26, тука мислам дека треба исто така, треба да се прифати самиот факт дека во 1992 година нашите граѓани, сограѓани, сожители, како сакате, живееја на цела тогашна Југославија, беа наши сограѓани, наши сожители и за една година не успеаја , рокот беше само една година да можат да добиваат државјанство. Некои од незнаење, некои од тоа што не знаел дека треба да поднесе барање и после таа една година се ставени во една недобра ситуација да конкурираат за државјанство по членот 7. Нашите сожители, сограѓани од РМ кои привремено беа во другите бивши ЈУ републики ги правевме односно ги доведовме во ситуација да бидат класични странци. Затоа што членот 7 од овој закон, со сите тие други ставови повеќе се критериуми за граѓани, односно класични странци.

Затоа, во член 26, со денот на изгласувањето на измените и дополнувањата на Законот, предлагам уште една година да се продолжи рокот, користејќи го членот 26 и овие измени и дополнувања, да им се овозможи на тие граѓани да можат да се стекнат со државјанство на РМ.

Благодарам на вниманието и очекувам поддршка, се разбира со гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-дин пратеник Исмет Рамадани, за опширното образложение на предлогот.

Дами и господа пратеници, до 15,30 часот давам пауза, со тоа што сега би ве замолил во Клубот на пратениците имате известување да присуствувате на една куса промоција на Првото издание, на наше собраниско издание на книгата на г-дин Живко Тодоровски "Организација и функционирање на Собранието на Република Македонија", а потоа можете да продолжите на ручек. Во 15,30 часот продолжуваме.

(По паузата која траеше до 15,45 часот со седницата продолжи да раководи г-дин Илијаз Халими, потпретседател на Собранието на РМ).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со работа.

За збор се јави г-дин пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници,

Денеска на дневен ред имаме предлог од страна на пратеник за измена и дополнување на Законот за државјанство, што е донесен уште во 1992 година. Сигурно дека некој од вас ќе се запраша зошто денес и зошто токму сега расправаме за ова и зошто порано не се расправало и не е ставен на дневен ред еден ваков чувствителен закон? Како пратеничка група ние цениме дека е многу битен и значаен посебно за одредена категорија граѓани, кои бараат да го уредат статусот на државјани на РМ. Затоа што конечно, законот, после толку години функционирање ги даде и првите слабости, затоа што Европа еволуираше и кодираше норми и начини како во иднина ќе се регулира овој закон во државите, така што веќе во 1997 година донесоа предлог на Европска Конвенција, што РМ уште тогаш ја потпиша, но не знаеме од кои причини до ден денеска не е ратификувана иако последните информации зборуваат дека уште веќе наредната седница ратификацијата на оваа конвенција ќе биде на дневен ред.

Ако се проучи Конвенцијата и постојниот Закон за државјанство ќе видиме дека има многу несогласувања со оваа Конвенција, чиј потписник е РМ. Така, почнувајќи од првите членови на Законот ќе видиме дека нашиот Закон, не дека го регулира двојното државјанство и повеќе, туку воопшто не расправа, туку констатира дека и не може да има двојно државјанство РМ. Нашиот закон воопшто нема транспарентност како што се бара во Европската Конвенција. Нашиот постојан Закон има премногу дискреционо право што има дава за право на одредени службеници кои треба да го спроведуваат овој закон, често пати самоволно да одлучуваат, а на штета на барателите за регулирање на државјанство.

Токму ова се причините зошто денеска излегуваме со еден ваков Предлог-закон. Уште повеќе имајќи ги предвид податоците што беа дадени од страна на МВР, по барање на пратеник иако подобро се проучат и анализираат овие податоци, ќе видиме дека токму членовите од Законот што ние бараме да се сменат, токму преку нив се добиваат или решаваат барањата за добивање на државјанство.

Кога зборуваме за податоците дадени од страна на МВР, иако на прв поглед се добива впечаток дека решавањето на барањето на државјанство на РМ, многу успешно се реализира, со тоа што вели 94% и нешто од барањата се решени и само 5% и нешто се нерешени. Но, споредувајќи ја бројката, ако имаме уште денеска сознание дека за овие години 5830 се одбиени од државјанството, ако понатаму се анализираат статистичките податоци по кои основ се тие одбиени, за жал ќе дојдеме до констатацијата дека во РМ постојниот Закон и како треба да се измени.

Ќе мора да го задржам вашето внимание само на еден член од законот што воопшто нема транспарентност, а има премногу големо дискреционо право на службениците да определуваат по овие барања.

Тоа е членот 7 алинеја 1 точка 7, каде се зборува за правото дека за баратели на државјанство што се опасни по државата, односно можат да предизвикаат дестабилизација на државата, да не им се даде државјанство. Но, го нема она што се бара во Европската Конвенција оваа работа да биде транспарентна , да има образложение зошто не им се дава државјанство.

И, што кажуваат податоците? Од 1.01.2000 до 22.05.2000 година, од вкупно одбиени барања за државјанство, од кои 117, од нив 19 решенија се токму по членот 7.1.7. , а тоа изразено во проценти значи 18% од барателите, односно од одбиените се по основ дека претставуваат некоја опасност за државата.

Ако овие 18% се и за 5830 вкупно одбиени барања, ќе дојдеме до бројка 1049 опасни уфрлени луѓе во РМ кои сакаат да ја дестабилизираат. Дали тоа значи дека имаме цел полк уфрлени во РМ дека имаат задача да ја дестабилизираат државата? Јас , моја констатација е дека апсолутно тоа не може да биде точно, затоа што една таква фрлена бригада , полк, јас не сум стручен во таа работа за да ја дестабилизира РМ, одамна таа ќе беше дестабилизирана. Но, заборува за нешто друго , дека има големо дискреционо право, без правна регулатива кои се можат да претставуваат опасност за државата.

Моето искуство во контакти со државјани кои имаат вакви проблеми, зборуваат дека имаме апсурдни ситуации кога по овој член е одбиена и жена од 70 години, по овој член се одбиени случаи кога таа истата жена има дадено 2-3 војници да ја чуваат државата РМ, а таа сама по себе претставува проблем за државата РМ.

Од тие причини ние бараме членот 7.1.7. да се измени и да има можност во секој момент странката да знае за причините зошто не може да биде и која е причината што е опасна за државата.

Исто се однесува и за другите членови од Законот.

Членот 9 и членот 26, што апсолутно не се во согласност со Конвенцијата. Член што уредува начин на добивање на државјанство по пат на природување, каде имаме непредвидено во ниедна конвенција 15 години за природување, а во тие конвенции и во таа Конвенцијата границата треба да биде 5-10 години. Ние се уште имаме важечки Закон со 15 години.

Овие и слични проблеми, да не зборуваме за тоа што тоа значи за РМ, што тоа ќе значеше ако во меѓувреме нешто не се случи со Законот што пред малку беше повлечен од процедура, односно, Законот за административни такси, ќе се види дека државата РМ заработила и како заработила од овие државјанства. 133.000 државјанства добиени во РМ по таа процедура и платиле не помалку од 33 мил. $, а што тоа значи, само овие 5.830 граѓани кои се одбиени, по секоја логика би требало да поднесат по однос на барање за добивање државјанство, ако се усвои тој закон што беше повлечен, тоа ќе значи 1.470.000$, треба да и платат на администрацијата. Замислете колку треба 100 вработени цела година да работат во РМ по 1000 ДМ, тоа не фаќа повеќе од 1200 ДМ. Дали тоа значи дека веќе добивањето државјанство не прераснува во некој своевиден бизнис во РМ, имајќи ги предвид реалните околности во кои живее денеска граѓанинот на РМ, ваквиот закон веќе не може да ги трпи предизвиците на времето, и ќе мора денеска како пратеници, да смогнеме сили и во клучните членови да го измениме, да го адаптираме со Европската Конвенција за државјанство. Воопшто не ми е јасно зошто до ден денеска таа Конвенцијата не е ратификувана од страна на Собранието на РМ? Можеби логично ќе беше претходно таа да биде ратификувана , иако лично мислев да поднесам Предлог-закон за ратификација на оваа Конвенција, пред да биде пуштен во процедура овој закон. Во меѓувреме добив сознание дека законот е веќе пуштен во процедура. Истовремено сега гледам дека предлог-законот за ратификација на Конвенцијата е во процедура. Мислам, дека нема да направиме ништо лошо ако денеска овие измени и дополнувања на Законот, со тоа што се надевам дека предлагачот ќе ги прифати и има амандманите каде го нема опфатено дел од двојното државјанство во овој Предлог на закон, со тоа што ќе прифати одредени амандмани, и со тоа дефинитивно и комплет да ја решиме оваа проблематика, дека ќе дојдеме до еден закон што ќе биде во согласност со таа Конвенција, во согласност со реалните потреби денеска што се во РМ, ќе биде закон на оние што треба да им служи, а не закон на тешка администрација и процедура.

Патем, да напомнам, досегашната процедура, искуство зборуваше дека прописот, процедурата за добиваше на државјанство воопшто не се совпаѓаше ни со Законот за управна постапка што многу децидно и јасно кажува за колку време странката треба да добие одговор на барањето. Ако тоа време е 2 месеци, во исклучителни случаи и 3 месеци, во процедура за добивање на државјанство, во ниту еден случај тие рокови за законот не се запазени. Впрочем, не знам , не познавам некој кој добил државјанство во минимален рок. Веќе е воспоставено како правило, не пред 6 месеци.

Имајќи ги предвид сите овие укажувања, веројатно и другите укажувања што ќе произлезат од другите дискусии, мислам дека денеска конечно сите,позицијата и опозицијата конечно сите политички партии, без оглед на нивната национална припадност ќе се определат да ги поддржат овие измени и дополнувања во функција на оние на кои тоа многу им значи.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ризван Сулејмани.

Има збор г-дин пратеник Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине потпретседателе, имајќи го предвид фактот дека како точка на дневен ред е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија со Предлог на закон, предложен од пратеникот Исмет Рамадани, со оглед на фактот дека се работи за доста сложена материја, треба да бидеме многу повнимателни по ова прашаше и сите пратеници сметам дека треба да водат сметка околу овој закон, бидејќи се работи за граѓаните на Република Македонија. Имено, за жал, веќе седум години има многу кои се уште го немаат решено статусот на државјанството без нивна вина. По распаѓањето на СФР Југославија многу промени се случија во овој регион што се вика Балкан. Ние како држава со актот, со донесувањето на новиот устав добивме статус на независна држава. Веднаш по донесувањето на Уставот, после една година, беше донесен овој закон, кој во тоа време и во тој момент беше многу значаен за оваа држава и сите граѓани на оваа држава беа принудени да поднесат барање и документација за добивање државјанство. Знаејќи како се одвиваше целата процедура според овој закон, ние имавме проблеми и како тема сметам дека беше многупати присутна на собраниските седници. Меѓутоа, досега не сме имале никаква можност да имаме предлог за изменување и дополнување на овој закон, па еве после седум години за прв пат имаме таков предлог. На тој предлог јас гледам многу позитивно, иако предлагачот во своето излагање кажа дека некој може ова да го оквалификува како политички маркетинг, јас како пратеник тоа не можам да го кажам, бидејќи за измена на овој закон имаше потреба не од сега туку од порано.

Јас како пратеник доаѓам од Куманово. во врска со овој проблем можам да кажам дека Куманово е пример за работи од кои се тангирани многу граѓани на општина Куманово и општина Липково. И ден денес еден голем број го немаат решено статусот на државјанството. Неколку пати го иницирав овој проблем и во органот кој е надлежен за оваа работа и во Собранието, меѓутоа, и дел од Законот понекогаш не беше почитуван и од страна на органот. Со самиот факт што има предмети од 1992 година кои не се решени и стојат пред органот, а граѓа-ните се уште немаат добиено одговор, тоа е еден преседан кој не може никако да се оправда, ниту некој да каже дека ете се случил и може и понатаму нешто такво да се случува.

Предлагачот побарал измени во неколку членови на законот. Јас гледам дека овие измени што се предложени и тоа можам да му го кажам на предлагачот дека нема да го решат проблемот на многумина жители на оваа држава, со самиот факт што досегашната практика при примената на овој закон тоа го покажува. Ние имавме време, согласно членот 26 од Законот, една година сите граѓани да поднесат барање и да го потврдат преку доставување на барање во органот нивното државјанство. Меѓутоа, во случајот на примената на членот 26, во тој временски период не се користел само членот 26, туку органот се повикувал на сите членови и на целиот закон, така што документацијата што требаше да се комплетира пред органот не можеше да се комплетира и тоа беше спречено токму во тој временски период од една година од органот. Со самиот факт што требаше да се обезбедат докази дека лицето поседува лична карта повеќе од 15 години и некои други документи, а такви документи можеа да се обезбедат само од управата за внатрешни работи а не од друг орган. Токму тој орган во тоа време правеше големи опструкции кај една категорија граѓани на оваа држава.

Господа, и Македонија е дериват на поранешна Југославија. Еден од дискутантите тоа го кажа дека Македонија зема обврска да го реши статусот на државјанство на сите граѓани кои со чинот на осамостојување на Република Македонија се најдоа тука со регуларни документи. Оваа обврска што ја зема Република Македонија пред меѓународен фактор и до ден денес не се применува ниту се почитува. Ние знаеме дека со бројот на граѓаните кои не го решиле статусот на државјанство понекогаш и се манипулира. Меѓутоа, јас знам дека не е таа бројка и истовремено треба да знаеме една вистина дека нивниот статус вака како што не е решен, ние не направивме ништо туку со животите на тие луѓе како држава се покажавме многу несериозни. Со оглед на фактот дека тие немаат друго државјанство и се тука, во нашата земја, не постои некоја законска регулатива или друг механизам да ја ублажи оваа ситуација, јас сметам дека со тек на време еден ден ќе се надмине и овој

проблем. Меѓутоа, зошто да не се реши во овој период од седум години? Каде да ја бараме вината? Кој е виновен за оваа работа?

Кога го донесовме законот за државјанство во 1992 година, веднаш по донесувањето на уставот, по една година, тогаш имаше малку еуфорија кај некои пратеници и без наше присуство беше донесен овој закон, така што има некои законски одредби кои создаваат многу конфузија при примената на самиот закон од самиот орган. Јас велам дека овој закон требаше да претрпи измени многу порано. За жал, досега не беше покрената ниту една иницијатива.

Знам дека нема да помине овој закон. И 24 часа да зборувам тука, дури и повеќе мене ми е јасно дека овој закон нема да помине. Знам дека нема расположение меѓутоа, постои една добра надеж, да не бидам току скептик по ова прашање, бидејќи самата Влада се произнела дека наскоро ќе предложи сама измени на овој закон. Очекуваме тоа да се стори и велам дека нема да биде ништо лошо, туку ќе има нешто многу позитивно за ова општество и за ова држава.

Уште еднаш повторувам дека тие луѓе немаме кај да ги бркаме. Се поставува прашањето зошто се малтретираат. Јас знам колку луѓе неделно доаѓаат кај мене само за државјанство. За време ан мојот пратенички мандат, од 1992 година, откако постои законот за државјанство до денес, ние имаме такви проблеми. Луѓето што доаѓаат и не знаат што да прават не може да се најде ниедна формула, ниту јас имам можност да ги упатам како да го решат статусот на државјанство. Уште еднаш повторувам, законот е толку концизен. Јас знам дека во правната регулатива не е дозволено по секоја цена да нема излез по некои прашања , ете, во овој закон постојат такви решенија што за една категорија на луѓе нема решенија и треба да се исправат овие грешки што се направени во 1992 година. Сметам дека е граѓанска обврска на секој пратеник да гласа за овие промени во овој закон и со изгласувањето на овој закон Македонија ќе направи уште еден чекор напред кон европските интеграции, бидејќи и овој закон многу ќе ни служи за просперитетот на земјата и за добрата иднина на оваа држава.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Хисни Шакири.

Има збор г-динот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници и претставници на Владата, одлучив да се приклучам кон оваа дебата со една единствена цел колку што можам и ако можам да придонесам да ги разјасниме нашите залагања за поддршка на овој закон и притоа да дадам доволно аргументи, со кои сите пратеници би биле во состојба правно да проценуваат и навистина да гласаат за овој закон, со што не само што би се пополнила волјата на некоја пратеничка група или посебно на самиот предлагач на законот, туку навистина би им се помогнало пред се на тие што секојдневно бараат решение за оваа работа, овие 10 години од осамостојувањето на Македонија и со тие што се нивни потомци во меѓувреме. Со тоа, навистина би решиле еден голем проблем, а од друга страна, тоа би бил добар чекор за самата Република Македонија.

затоа што со овој закон не се прави ништо друго, туку само се допрецизираат некои одредби кои ние сме презеле да ги дополниме со меѓународните договори што сме ги потпишале. Имено, аргументи против овој закон и не може да се очекуваат. Во прашање е една политичка волја кој во моментот може да се оквалификува како ваква или таква, но едно е точно: Мислам дека денес и ние имаме право да се повикуваме на така наречената конструктивна позиција. Ако некој честопати повикува на таа конструктивна опозиција, денес е моментот и позицијата да постапи конструктивно кон овој предлог на закон, иако е предложен од пратеник од опозицијата. Значи, се работи за закон кој на нашето законодавство му овозможува да прецизира некои одредби, што се надевам после четири пет дена, според предложениот дневен ред ние можеме да ги видиме. Имено, имаме Предлог за донесуваше на закон за ратификација на Европската конвенција за државјанство, каде што со нашата ратификација ги прифаќаме сите позиции што се тука предвидени, а кои недостасуваа во нашиот закон од 1992 година, и за среќа или несреќа се покажале како пречка во овие години од примената на тој закон. Така, после осум години мислам дека и опозицијата и позицијата па и самиот амбиент е на тоа ниво што може да ги свати и своите грешки, па нормално и да се обидеме да ги исправиме. Се работи за следното.

Со законот се предлага да се прецизира и да се стават во рамноправна положба децата од исти родители. Со Конвенцијата што е предложена, а која ќе биде на дневен ред после три-четири дена, се вели и се повикува на Конвенцијата за правата на човекот во членот 8 (Конвенција за заштита на човековите права), на делот кој се однесува на семејните проблеми. Имено, децата не смеат да бидат поставени во нерамноправна положба - се мисли на деца од исти родители. со овие измени на законот само се прилагодуваме кон оваа конвенција, односно кон самата конвенција за заштита на човековите права од аспект на семејните проблеми.

Второ, се поставува прашањето за времетраењето или другите услови за стекнување на државјанство посебно на тие жители што би ле тука и живееле со години. Како што рекоа и претходните дискутанти, останале повеќе од 5800 такви баратели на државјанство,кои навистина со некое дискреционо право на соодветната служба по разни основи имаат некое оспорено право. Но, што се вели во конвенцијата? Во точката 3 од членот 6, каде се зборува за стекнување на државјанство, се вели вака: "При утврдувањето на условите за натурализација, таа нема да предвиди период на престој подолг од 10 години пред поднесувањето на барањето". Во стариот закон ние имаме ставено бројка од 15 години, а со промените што ги предлага господинот Рамадани во законот се определуваат 5 (пет) години во актот што го прочитав се споменува бројка од 10 години, и со ова ние вршиме само конкретизација што значи нема да има потреба дополнително по ратификацијата на овој документ пак да донесуваме некој закон, кој во тој момент би бил подготвен од страна на Владата. Јас се надевам дека сега ќе се прифатат овие аргументи, значи да прецизираме нешто што веќе ќе го признаеме после два дена како наше, како и други моменти, што ги опфаќаат и правата на децата и другите права на лица родени на оваа територија, по секој основ и согласно овој документ што ние ќе го ратификуваме да им следува правото на државјанство.

Многу важен момент што го дава овој предлог на закон е следниот. Се работи за тие државјани односно жители на Република Македонија што бараат државјанство врз основа на сукцесијата.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ**: (Продолжение)

Во Конвенцијата што ние, почитувани пратеници ќе треба да ја ратификуваме за два три дена тоа е во главата 6 каде што пишува државна сукцесија и државјанство. Тука меѓу другото, а како што истакна и г-динот Шаќири, многу жители на Македонија се без државјанство. Главната поента е ставена односно под точка 1 се цитира исто така Конвенцијата за правата на човекот, членот 4 и 5 каде што вели "особено да се избегне без државјанството". Мислам дека еден од овие моменти на овој Предлог закон на нас како држава ни овозможува да се прилагодиме на овој контекст и по овој член. Тука има и други точки. Меѓу другите во точката В се вели, кога човек долго време живее тука ќе треба да се почитува и волјата на засегнатото лице, што е една новина во нашето законодавство и мислам дека ќе придонесе кон подобрување и на условите за стекнување на државјанство за граѓаните , а и на позицијата на самата држава Македонија кај овие институции каде што сме се залагале да се прифатат тие норми.

Да не биде дека само ратификацијата на оваа Спогодба е единствен документ, јас мислам дека на промена на овој закон ние сме повикани и тоа е наша препорака, а и со препораката на Советот на Европа по повод затварањето на мониторингот каде во посебна точка се препорачува во што најскоро време да се направи измена на Законот за државјанство. Така со овие промени што се предлагаат за изменување и дополнуваше на Законот ние ја исполнуваме и оваа обврска што ценам дека не е за потценување.

Јас мислам дека и од друг аспект на некои други видувања, понекогаш луѓето ќе ги натера да размислуваат , па зошто кога се така е јасно, се е чисто, кога ние и онака ќе ги прифатиме овие моменти во Конвенцијата, сепак еве не се има волја и не се сака да се прифатат овие промени. Господа пратеници јас мислам дека е многу важно едно трезвено, објективно и рационално размислување затоа што со ова многу ќе придонесеме за тие луѓе што имаат потреба да си го регулираат тоа право,затоа што правото на државјанство, заправо од самото државјанство произлегуваат некои права и обврски со кои луѓето се среќаваат со секојдневниот живот Значи не од некој интерес и од некои задни намери, затоа што ќе видите, ако сакате да видите, и во информацијата што исто така е побарана од г-динот Рамадани за стекнатото државјанство во периодот од 1992-1999

година. Многу лесно може да се види дека од барањата, да не одам јас сега со бројки бидејќи колегите ги спомнаа, туку во периодот од 1.о1. 2000 до 22.05.2000 година има 1.111 барања за добивања на државјанство и има 318 барања , значи скоро 40% за отпуст на државјанство. Така да луѓето спрема овој проблемите се однесуваат спрема некои, така да кажам набои или виши потреби, туку тоа чисто е потреба луѓето да си ги регулираат своите права во државата каде што живеат. А дека тие имаат потреба некогаш да бараат и отпуст и тоа барање ни доаѓа со 318 барања за ова време, што е многу карактеристичен како податок, мислам еднаш за секогаш треба да ја потиснеме таа идеја дека ова се прави поради тоа или ние сега, еве сите четворица пратеници сме Албанци кои зборуваме за оваа проблематика и да се свати дека тоа е само нивно барање, барање само од нивниот електорат. Мислам дека тоа е граѓанско барање, има граѓанска димензија која што е обврска на нашата држава да ја исполни за да не бидат тие скратени со ова, а врз база на тоа да бидат скратени по однос на своите права и должности што им следуваат. Со надеж дека аргументите наши колку толку придонесоа да се разјаснат некои работи,јас се надевам дека сите пратеници ќе гласаат за овој предлог за изменување и дополнување на законот и со тоа ќе придонесеме за многу добри нешта.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Азис Положани.

Има збор пратеникот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Постоечкиот закон за државјанство на РМ е донесен и е во примена од 1991 година, што по мое мислење и по мислење на голем број од албанската популација е рестриктивен во одделни делови и дискриминаторен. Сето тоа го истакнувам од сондажата на податоците и информациите со кои располагам и тоа од донесување на спомнатиот Закон, примената на истиот, па се до денешен ден.

Согласно изнесеното мислење не ми е позната намерата на претходната Влада што сакала да постигне со ваков рестриктивен закон. Слободно можам да кажам дека Законот што сега се применува во РМ е еден од најрестриктивните закони во донесени во било која држава во Европа, а можеби и во светот. Намерата очигледно, по мое мислење е со овој закон што помалку граѓани од Албанска националност да се стекнат со статусот на државјани на РМ.

Во поткрепа на ова мое мислење го истакнувам фактот дека нашата држава пред осамостојувањето била во состав на СФРЈ и нејзините граѓани слободно се движеле во рамките на тие граници, а пак согласно тогашните прописи односни закони за државјанство од 1950,1965 и Законот од 197 7 година, граѓаните со пријавувањето на местото на живеалиште се сметале како државјанина соодветната Република.

По мое мислење не смеело да се донесе таков закон кој е на штета на граѓаните кои еднаш се стекнале со статусот на државјанство, со претходно изнесените закони. Тука треба да се истакне и рестрективноста на членот 7, членот 9 од Законот за државјанство и дел од членот 11 кој е дискриминаторен, посебно пасусот во кој се цитира дека Македонците кои живеат надвор од границите на Македонија, ќе се стекнат со државјанство на РМ во исклучителна постапка.

Мислам дека е неопходно во РМ да се пристапи кон измена на постоечкиот Закон со полиберални критериуми, а сето тоа во согласност со меѓународните договори и конвенции што ги прифатила РМ.

На мислење сум дека со измените на постоечкиот Закон ќе се решат постоечките проблеми околу утврдување статусот на поголем број граѓани со нерешен статус на државјанство.

За мене е несватливо и парадоксално да се повикуваат нашите граѓани на служење на воен рок, а да немаат државјанство. Има многу случаи каде има војници кој го отслужиле воениот рок, а немаат регулиран државјански статус. Мислам тоа е преседан. Бараш од некого да ги исполни обврските спрема државата, а обратно државата не му дава државјанство. Или има многу случаи каде што стари жени над 60 години се одбиваат со тој фамозен член дека ја загрозуваат безбедноста на РМ , или недоволно го познаваат македонскиот јазик, и многу вакви случаи, што мислам дека треба да се отстранат ваквите проблеми и да се решат.

Мислам дека треба да се пристапи кон изменување и дополнување на Законот согласно меѓународните договори, што нашата држава односно парламентот не ја ратификувал конвенцијата за државјанство. Мислам дека максимално треба да се заложиме да го намалиме бројот на граѓаните без државјанство, бидејќи

државјанството е правна врска меѓу граѓанинот и државата.

На крајот ја поздравувам идејата на предлагачот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, што јас лично ќе гласам за.

Колку што јас имам информации Владата формирала експертска група да подготви соодветен закон за државјанство кој ќе биде прифатлив за сите граѓани.

Мислам дека овој закон, дали е од сегашниот предлагач, или утре од таа експертска група од Владата треба да се изгласа и овие проблеми еднаш аз секогаш да се надминат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Фатмир Етеми.

За збор се јави г-динот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Навистина ми претставува посебна радост фактот што во последните месеци , од страна на пратениците на парламентот на РМ самоиницијативно се ангажираат за одредени предлог закони кои имаат големо влијание за решавање на интересите на граѓаните на РМ.

Еден од нај суптилните проблеми што нашите граѓани кои не се стекнале со државјанство, а кои апсолутно не се во состојба да ги користат нивните природни права, претставува токму овој закон кој се уште е во сила и кој се уште носи големи проблеми за самите граѓани на оваа држава. Токму заради тој факт сметам дека предлагачот Рамадани успеал во тоа тој закон да го конкретизира , да ги дефинира основните постулати кои секако можат да придонесат за расчистување на проблеми на наши граѓани, граѓани кои се родиле и живеат во РМ. Токму затоа сметам дека овој Предлог закон претставува и има една хумана димензија за решавање на тие проблеми.

Интересен е фактот , а беше спомната и од страна на одре-дени колеги на парламентот дека овој закон не кореспондира, постојниот се разбира со современите акти , конвенции и т.н. и дека ние ќе мораме да настојуваме сите тие позитивни страни на тие конвенции да ги прилагодиме кон нашите потреби односно кон потребите на нашите граѓани.

За да не должам околу Предлог законот за стекнување на граѓаните за државјанство, предлагачот Рамадани предлага во четири члена да се изменат одредени формулации и тие навистина да се дефинираат така , со цел, еве да успеат нашите граѓани да се здобијат со тој документ.

Еве на пример членот 4, кога родителите, граѓани на наша држава привремено се наоѓаат во странство, едно дете има државјанство, другото дете нема државјанство. Во таа смисла сметам дека апсурдот е повеќе во овој дел затоа што двајца родители, граѓани на нашата држава нивните деца едниот е државјанин другиот не е државјанин. Овој апсурд ние мораме да го расчистиме и да го решиме.

Членот 15 односно членот 7,има исто така еден временски тајминг, граѓанинот треба да чека 15 години за да се здобие со државјанство, а живее на овој простор. Новиот предлог има временски тајминг од 5 години, што можам да кажам дека навистина е прифатлив и дека кореспондира со позитивните акти и други конвенции од страна на демократските земји. Во овој член што така имаме и еден друг апсурд,барем аз мене сметам дека тие се апсурди. Тој апсурд се однесува на тоа, божем некој граѓанин претставува опасност за државата. Ако одиме со таа логика тогаш има граѓани од оваа планета што претставуваат опасност и за планетата, треба да ги селиме на месечина.

Во членот 9 се вели граѓанинот кој бара државјанство со стекнување на степенот ноксијалитет, т.е. стапување во брак, кога еден граѓанин не е од наша држава. Тој исто така треба да чека едно извесно време за да се стекне со тоа . Но сметам г-динот Рамадани тоа позитивно успеал да го дефинира во својот предлог што сметам дека треба да се прифати.

И конечно се уште постојат проблеми кои оваа држава, оваа Влада и сите ние тука заедно треба да ги решиме затоа што тие проблеми нараснуваат , како што е проблемот и со член 26. Само ќе спомнам, има граѓани во нашата држава каде еден од нив има потекло од бившите ЈУ Републики, се уште немаат државјанство,но има и граѓани кои се по потекло од ЈУ Републиките бивши Југословенски и не можат се уште да се стекнат со тој документ. Сметам дека предлогот и овој проблем го дефинирал и е прифатлив за мене.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Аслан Селмани.

Последниот дискутант е пратеникот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ.**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Влада,

Гледам дека денес интересот е многу мал од страна на пратениците, иако се работи за еден чувствителен закон кој е од интерес на сите граѓани во Република Македонија, меѓутоа , еве пратениците не наоѓаат сходно да бидат во салата на Собранието за да дадат придонес околу овој предлог на г-динот Рамадани. Меѓутоа тоа е тоа, ние продолжуваме со работа за да придонесеме, јас се пријавив за дискусија за да помогнам и да го поддржам предлогот на г-динот Рамадани.

Сите знаеме и сведоци сме, не само ние, во ова Собрание, туку и целокупната јавност во РМ дека од моментот кога ова Собрание го усвои Законот за државјанство на РМ, тогашна пратеничка група на ПДПНДП беше против и од тој момент сакаше да најде решение како да се излезе од еден така донесен Закон за да можат еден голем број на граѓани кои беа онеправдани со донесувањето на овој Закон, без нивна вина, да останат без државјанство. Ни еден од тие граѓани не е виновен што тогаш се растури СФРЈ и Македонија се осамостојуваше како независна држава. Од тој ден многу граѓани во РМ кои беа од бившите ЈУ Републики, а кои живееле во РМ, кои имаат имот во РМ , кои се школувале во Македонија, кои ги завршиле студиите во РМ, биле на работа во РМ и тоа што реков со целокупниот нивни имот и го дале нивниот придонес, без нивна вина останале без државјанство. Затоа пратеничката група на ПДП тогаш па до денес сакаше да најде простор и секогаш со нивниот прв консултант, со гласачкото тело, бидејќи ние тука во Собранието сме пратеници на тоа гласачко тело и ние сме во функција на нивниот интерес за да можеме да придонесеме нашите граѓани да живеат подобро во оваа држава. Меѓутоа причините кои се дадени во Предлогот се многу јасни конкретни, а целта е сите граѓани на РМ да бидат рамноправни, а со овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за државјанство ако бидат прифатени од страна на ова Собрание, мислам дека ќе ги ублажиме тие неправди што ги имаме направено кон еден голем дел кон граѓаните на РМ.

Од друга страна имајќи предвид дека РМ има за цел да се интегрира во ЕУ, значи во таа европска фамилија, затоа треба да ги имаме предвид и директивите од Европскиот совет, препораките што доаѓаат од ЕУ за да го усогласиме нашето законодавство со законодавството на Европската унија. Затоа ние како пратеници во ова Собрание треба да бидеме малку порационални во овој правец , да не гледаме кој предлага измени и дополнувања на Законот, дали е тоа пратеник од позиција или опозиција, дали е тоа пратеник Албанец или не Албанец, да бидеме тука по конструктивни, да ја гледаме реалноста, ние пратениците да се соочуваме со реалноста дека тоа ние што имавме забелешка при донесувањето на Законот за долгиот престој од 15 години во РМ, дека ако имаш престој во РМ од 15 години можеш да бидеш државјанин на РМ, денес сите пораки од надвор се дека тој рок е предолг. Ние тоа го знаевме од почетокот, при донесувањето на Законот, а еве сега излегува тоа нашето и се констатира дека тогаш не сме биле во право. Значи сите препораки што доаѓаат денеска, тие забелешки ние ги дадовме во моментот кога се предложи овој закон и помина во ова Собрание. Затоа предлагачот на измената и дополнувањето на овој закон предлага 5 години, за да можат тие граѓани кои биле онеправдани во иднина да го регулираат својот државјански статус. Затоа денес предлагачот од страна на ова Собрание треба да се свати како добронамерен и сите ние тука треба да создадеме клима за да можеме да ја исправиме грешката што ја направивме некогаш кога е донесен тој Закон.

Меѓу граѓаните на РМ, тоа што и предлагачот бара измена и дополнување на тој член поради краткиот рок од една година, а јас како пратеник го подржувам предлагачот, тој рок да се продолжи уште за една година поради тоа што од објективни причини повеќемина граѓани тогаш во тие услови не можеа во тој рок од една година да добијат статус на државјанство.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ**: (продолжение)

Моите забелешки што ги имам околу членот 7 став 1 точка 7 од Законот за државјанство на РМ се однесуваат на тоа кој вели неговото примање во државјанство во РМ да не ја загрозува безбедноста и одбраната на РМ. Јас мислам дека министерот или компетентниот за тоа не треба да има такво дискреционо право без образложение, без транспарентност да може да донесе такво решение. Во овие 7 години сме имале многу примери или по грешка или по друга основа многу граѓани останати без државјанство поради тоа што биле опасност за РМ. За каква опасност се зборува? Тоа е

политичка, партиска итн. Затоа јас мислам дека во иднина ќе треба , затоа се предлагаат измени и дополнувања за да се образложи зошто м одреден:граѓанин на РМ не може да добие статус на државјанин на РМ.

Ќе кажам еден пример семејство од Куманово од осум члена по грешка и првостепена/га и второстепената комисија во управната постапка, па и Врховниот суд дава негативно мислење, негативно се одговара на неговото барање. После излезе на виделина дека никој од фамилијата не е виновен, не е дадено државјанство само поради тоа што само еден член од нивното семејство бил кривично гонет. Ако тој бил кривично гонет, зошто да ги земеме на врат уште 7 души кои ги исполнуваат сите услови за да добијат државјанство на РМ. Такви грешки има многу, што не можат поединечно да се избројат. Меѓутоа, такви грешки намерни или ненамерни се направени во првостепената комисија, второстепената комисија која продолжувајќи во Врховниот суд итн.

Затоа во оваа прилика јас како пратеник во ова Собрание на сите лица кои немаат државјанство, а ги исполнуваат условите кои се неоправдани од првостепената комисија или во второстепената комисија во управната постапка, па по негова жалба и до Врховниот суд добиле негативен одговор, сите тие граѓани да се обратат до комисиите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само кратко сакам да ја кажам мојата позиција виза ви овој закон. Ќе го поддржам Предлогот за донесување на закон, а нема да гласам за Предлогот на закон на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, треба да се поддржи од причини што навистина има потреба да се претресе актуелниот закон кој е на сила. Од причини што примената на законските одредби од актуелниот закон навистина во поединечни ситуации доведуваат до апсурдна ситуација, кои низ правна форма тешко можат да се исправат во практиката. Барем, тоа се мои сознанија од поединечни случаи во Република Македонија.

Од тој аспект ја прифаќам и аргументацијата на одреден дел на пратеници кои дискутираа во тој правец. Иако, со добар дел од другата;; аргументација. со кои беше елаборирана потребата за донесување на измени и дополни на ваков закон како што се предлага, не се согласувам. Од тие причини мислам дека и сугерирам, предлагачот да остане само на оваа фаза за Предлог за донесување на закон за измени и дополни, да се утврди неговата потреба, а за содржината на самиот текст, односно за втората фаза, за Предлогот на законот, да се остави време да се дефинираат позициите во оние најслаби точки кои се покажаа неиздржливи од практиката на актуелниот Закон за државјанство.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојановски Наќе.

Повторно за збор се јави господинот пратеник Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Да, јас барав реплика, но потпретседателот не ме слушна и ете сега ја користам приликата. Бев многу конкретен и барав барем пред јавноста да признаат пред колку години е подготвен овој предлог на закон. Одговори господинот Рамадани, односно одговорот на господинот Рамадани дека во Предлог-законот има дата, е правиот одговор на ова ако се чита не од десно кон лево, туку обратно, за што датата може многу лесно да се промени, последната страница може да се фрли и тука да се удри нова дата. Секако, колегијалност од наша страна ќе има и јас верувам во многу други пратеници. Но, јас потенцирам и сега ќе објаснам зошто барав вака јавно да се искажат колку време е подготвен овој предлог-закон. Зашто, би било човечки, машко однесување, сериозно однесување на секој пратеник да се искаже пред Собрание овде) дека, не сум можел пред три-четири години, затоа што немаше политичка клима, оти коалициониот партнер, нивото на расположението било такво, па цениме дека сега е моментот, па затоа го предлагаме. Верувам дека со вакво образложение, можеби повеќе пратениците и го гласале овој предлог-закон и тогаш немаше да остане ова само во вид на политички маркетинг, но ќе се реализираше, односно ќе се решаваат проблемите на категорија граѓани во Република Македонија, кои навистина имаат проблеми со

државјанство. Навистина, има случаи каде татко има државјанство, син нема државјанство. Или, обратно.

Ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

Сигурно за реплика се јави господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Навистина, не знам зошто господинот Биљал што му требаат вакви настапи. Биљал Љутфии тоа почесто еве го прави, меѓутоа, јавноста тоа го гледа и мислам дека не заслужува повеќе и да му реплицирам. Но, денеска ми е посебно жал дека и во една ваква ситуација кога пратениците од неговата пратеничка група и преку нивните дискусии даваа поддршка за овој закон, да проблематизира нешто што апсолутно не држи, ниту има основа во ова што го предлагаме како содржина, односно како закон. Но, тоа е тоа, а секој ќе одговори со неговите настапи пред јавноста. Ние сме бирани и јавноста нека процени кој, како и каде се држи во вакви ситуации.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

Реплика има господинот Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Е, господине Рамадани, токму од причини што со овој предлог-закон уште се обидувате, а лично ти и двајца тројца од вашата пратеничка група да манипулирате со јавноста, да манипулирате токму со тие што имаат проблеми со државјанство, да ни ги набројат имињата на луѓето, кои од вашата партија им барале многу пари за да им помогнат во однос на издавање на државјанство. (Реакција од сите пратеници). Плус добро знаеш од кого бараш, ако бараш од оваа страна, ние имаме претставник, ние имаме Влада, ние кога ќе сакаме и како ќе сакаме треба да ги убедите вашите коалициони партнери бившите, нека тие ве поддржуваат и ако тие ве поддржат, тогаш можеби за инает некој друг ќе гласа. Но, кога барав искрено и поштено машки овде да се изјасните, јас сакав вие да ја информирате јавноста дека тогаш не сме можеле со таа Влада, но тогаш би дошло во прашање, зошто тогаш сте биле со таа Влада. Треба да дадете одговор и да носите одговорност. Не е само тој проблем, туку и за многу други проблеми**.** А, што се однесува до тоа дека ние сме избрани и секако дека ќе одговараме пред тие граѓани, но ќе одговараме така како што стојат и во минатото и за денеска. Толку, ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас сум на мислење дека нема никакви причини да се исполитизира ова прашање, дури не е здраво што досега немаше такви тенденции. Најмалку треба да се лицитира околу тоа кога требаше да се донесе овој закон, тогаш кога се донесе не се донесе вака итн. Според таа логика мислам дека можеме за 2-3 години да ги донесеме сите закони кои ќе ги прогласиле за идеални, за совршени, па да ги распуштиме сите институции на државата од причина што не треба понатаму да донесуваме такви одлуки спротивно префункционирани, усовршени и идеални. Меѓутоа, институциите на власта постојат кај сите држави, дури и кај најдемократските држави и тие функционираат. Зошто функционираат? Функционираат од причина што секогаш има ново нешто да се направи. Значи, не може да резонираме во смисла дека можеме да одредено време да направиме нешто и со тоа да престанеме да функционираме. Секогаш има нешто кое би требало да се усовршува, да се унапредува, да се адаптира итн.

Според мене, се работи за нешто кое е многу природно и многу вообичаено, дури и хумано од причина што ние со овие измени практично да излегуваме во пресрет на луѓе кои со ништо не се виновни поради тоа што се оставени на милост или немилост. Имено,

Прво, никој од луѓето кои се уште имаат нерешен статус, не е виновен поради тоа што не бил во состојба да предвиди, дури не бил должност да предвидува дека ќе се распадне бивша Југославија. Поради тоа, негово не предвидување мислам дека не е нормално тој да сноси трошоци. Тука е суштината на предлогот што денес е поднесен од страна на предлагачот.

Имено, една категорија на овие луѓе не по сопствена желба, но поради материјалната егзистенција, социјалната состојба си заминаа по другите бивши републики и таму си отвораат дуќани итн. Нивните деца таму израснаа и таму се школуваа, меѓутоа, работите се сменија. Без оглед на тоа како живееле тие таму,

секогаш имаат чувство дека живеат во иста држава и си имаат исто државјанство, затоа што тогаш постоеше заеднички државјанство, државјанство на СФРЈ. Тие луѓе после војната и од други причини, притисоци, материјална состојба се вратија во Република Македонија и тука веќе ефективно си живеат. Имаат имот, куќи, станови итн. Мислам дека ништо не менува тоа, ниту бројот се зголемува, ниту се смалува, туку само се решава еден нивен статус за кој има корист и државата и тој лично како граѓанин.

Второ, се работи за категорија на луѓе кои пред 20-тина години, 30-тина години, дојдоа во Македонија од различни причини, економски, социјални и тие исто така живеат тука. И тие ефективно се поврзани со Република Македонија. Често немаат никаква врска со срединитe од кои тие доаѓаат. Мислам дека и тие се наши граѓани.

Затоа велам дека е од наш интерес и треба да се реши ова прашање поинаку. Мене ми е особено драго и тие што се во опозиција имаат желба да го подржат предлогот и јас ги замолувам моите колеги од позицијата истото да го направат и тоа да биде интерес на РМ. Истовремено, да докажеме дека ние ги почитуваме стандардите на Европската конвенција за стекнување на државјанството кое од нас ќе се ратификува следниот можеби месец дена.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали.

Овде се пријавени уште тројца пратеници, колку ќе траат дискусиите јас не знам, но во интерес на времето јас мислам да се откажат од дискусиите пратениците кои се веќе пријавени, од причина што јас сум убеден зошто да зборуваат овие пратеници, нема да ги убедуваат другите пратеници за да гласаат или да не гласаат за законот. Господинот Исмет Рамадани многу добро го објасни предлогот на законот, учествуваа во расправата и другите пратеници и мислам дека тоа е доволно за да може да се одлучат пратениците околу овој предлог. Но, сепак тоа е право на секој пратеник да дискутира. Јас не можам деловнички да му го скратувам правото.

Ова е моја сугестија и од една друга причина. За 20 минути треба една наша делегација, од Комисијата за сообраќај и врски, тоа се 10 души кои треба да патуваат за Тирана, така да нема да можеме да имаме кворум за да можеме денеска да завршиме.

Значи, во интерес на времето предлага или дискусиите да бидат пократки, или да се откажат дискутантите од дискусија.

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас ќе го уважам барањето на господинот потпретседател да бидеме пократки и така ќе биде. Но, морам сепак нешто да кажам.

Кој како бара пари, тоа е веќе видена работа и од таа хипотека некој господа не ќе можат да се ослободат цел живот. Тоа е веќе позната работа, за тоа веќе Европа зборува, но тоа не е тема на денешниот разговор.

Но, чудно, некој пратеник ни се поставува тука како архивар на пратеничката група па знае и кога сме го спремиле овој закон ние и наводно сме го чувале три години и не сме го поднеле. Аман. Заборава фактичкиот господин дека тој веќе две години е на власт, а не предлага. Ако има тој машкост во која се повикува цело време, нека каже кога ќе предложи Владата ваков закон, ние сега ќе го повлечеме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот пратеник Билал Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Зборуваме за едно сериозно прашање, за сериозен проблем и не сакам во грб на тие што навистина имаат потреба да го решат статусот во нашата држава и затоа му препорачувам на господинот Зибери, затоа што често пати тој има некој дерези што вака глумски, шакаџиски во весникот "Остен" да пишува, така сигурно и дневница ќе земе од редакцијата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да му дадеме збор и на заменик министерот ....

(Реакција на господинот пратеник Сејфедин Харуни од место)

Да одговори на прашања.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Во врска со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство знаете дека е формирана експертска група при Владата на РМ. Таа

експертска група ја докрајчува оваа работа и многу, многу брзо ќе биде во Владата.

Исто така, да ве информирам дека минатата седмица имавме состанок и со Советот на Европа и други меѓународни организации каде се дискутираше во врска со измени и дополнувања на Законот за државјанство.

Исто така нивни сугестии и искуства што ги има од други држави ќе се обидеме да ги внесе во измените и дополнувањата.

Исто така, после 7 години господа пратеници, јас кажувам дека решенијата што ги предлагаат со измените и дополнувањата ќе ги разгледаме и работната група ќе ги има во предвид.

**ИЛЈАЗА ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот министер за внатрешни работи.

Има збор господинот пратеник Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, мислам дека текстот на овој предлог не треба многу да се дискутира, туку треба од почеток да се прифати и тоа не само што е потребно, туку за нас постои и една обврска од страна на Советот на Европа и тоа од 1998 година. Во оваа прилика ќе го прочитам само текстот на Советот на Европа за да се запознаеме што пишува во овој текст.

Чувството на регресија на граѓанскиот и политичкиот статус на етничките Албанци во новата Македонија беше заострена со Законот за државјанство од 1992 година. Очигледно на оваа држава мора да дефинира критериум за државјанство и мора да знае кои се нејзини граѓани, а кои не се. Но, со рестрикција на принципот на правен континуитет автоматски обезбедување на државјанство во новата Македонија на поранешните граѓани на СРМ, Македонија создаде голем број странци. Ова е поради тоа што во поранешна СФРЈ, од времето на Уставот од 1974 година републичкото ниво на државјанство стана ирелевантно.

Правата и обврските произлегуваат главно од државјанство на федерално ниво и како што луѓето слободно се движеа во 6-те републики и во текот на нивниот живот се населуваа во една или друга, тие не се мачеа да го променат републичкото државјанство, ниту да пријават промена на живеалиштето. Законот беше анализиран и оценет од УНХЦР кој жали што барањата за добивање државјанство се толку стриктни во контекст на државната сукцесија, особено во однос на барањето за 15-годишен претходен престој и барањето за постојан извор на средства. Овие барања ти погодуваат особено албанските емигранти кои често не го пријавиле службено својот престој и пристигнувањето во Републиката.

Фундаментален стандард со Советот на Европа дека ни една држава членка не може да има граѓани од прв и втор ред. Овој стандард неодамна беше разгледан во контекст на сукцесија на држави, да бараат државите да избегнат не само дејуре, туку и дефакто статусот на државјанство. Од државите се бара да одобруваат националност и државјанство. Според основните принципи на почитување на човековите права и во светлина на следните 4 фактори.

- Волјата на засегнато лице.
- Територијалното потекло;
- Вообичаениот престој;
- Вистинските и ефективните врски со земјата.

Не сакам понатаму да изнесувам детали од текстот, сакам само да кажам дека не треба многу да се дискутира за овој предлог, туку што побрзо да го прифатиме и тоа подобро да сите нас.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Абдула Алиу.

Има збор господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани пратеници, сакам да напоменам нешто.

Овој закон е донесен 1992 година. Претседател на тогашната Влада е Никола Кљусев, дури и академик. Тој во тоа време постоечкиот закон, 15 години го стави како регулатива за тие што сакаат да се здобијат со државјанство. Меѓутоа, луѓето имаа увид дека на онаа информација што ја бараше пратеничката група од демократскиот просперитет, што Владата на Кљусев ја достави беа 120006 граѓани од РМ со не добиено државјанство. Таа информација можете да ја побарате. Вас ви е најсвежо она што во дуелот Црвенковски - Георгиевски некни, дека граѓани со уште не добиено

државјанство на РМ се 150 илјади. Вас ви поставувам едно прашање. Од тие 150.000 граѓани на РМ дали меѓу нив има еден Македонец? Може ли да се еден единствен Македонец тука? За жал тие се од не македонска припадност. Весниците од 1992 година наваму пишуваат и нон-стоп пишуваат, ќе ве потсетам "Флака" пишуваше за една 47-годинашна невеста од Дебар ,а таа е баба, 47-годишна невеста, над 70 години уште со не здобиено државјанство на РМ. Па како таа невеста во Дебар 47 години, колку ги има во моето село во Градец, колку ги има во село Горјане и тоа значителен број, а од моето подрачје, кое јас го контролирам , село Ломница од 1500 жители предачи со 500 граѓани кои немаат добиено државјанство на РМ. Па, некој дури се осмелува тука на говорница да каже каде бевте. Ние сме тука туку зошто сакаат секогаш да излегуваат овде на говорница без никаква аргументација и боси. Без јавноста да се политизира. Овој закон е доста умесен, што е предложен од господинот Рамадани.

Предлагаме од 15 години на 5 и постапката, оние регулативи што господинот Абдула Алиу ги читаше, тие не се забелешки од нас, туку од Европската заедница. Македонија допрва, додека не го регулира овој статус на овие граѓани не само што нема влез во Европа, туку жалат, можеби ќе биде поблиску до Афричките земји. Јас такво место и положба на Република Македонија не и сакам.

Затоа, ако потпретседателот сака да бидеме кратки и во интерес на времето, што секогаш тој сака и по некогаш и памет да ни посоли, кој треба тука да се пријави и во интерес на законот, тој допрва нека се научи како треба да се однесува во Собранието, затоа што истото во една друга прилика како неговиот колега потпретседател Далавера ќе го снајде. Затоа сакам во конкретниот случај, предлогот законот што е пред сите вас, да ја исправите грешката на вашиот академик Никола Кљусев. Тој таа година го донесе овој закон и не е три години во ташна и некој мажи да се покажуваат, или не знам овде што сакаат да дефилираат, некоја мудрост, а луѓе што почнаа допрва да влегуваат во политика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Сејфедин Харуни.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеника, од кои 27 "за", 14 "воздржани" и 41 "против".

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Господинот Мерсел Биљали бара збор процедурално.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Се сомневам во гласањето, барам поддршка од 10 пратеника за поединечно гласање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предлогот на господинот Мерсел Биљали нема поддршка од 10 пратеника.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурална забелешка има господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседател, ве молам само за мало внимание, согласно Деловникот како координатор, а во име на пратеничката група сакам да го соопштам ставот за нашето гласање и причините за тоа. Би сакал да образложам како ќе гласа пратеничката група на СДСМ и зошто така ќе гласа.

Господинот Исмет Рамадани во својство на предлагач предложи закон за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за државјанство. Само да потсетиме дека се работи за закон на кого се нудат измени кој е донесен во 1992 година во исклучително сложени времиња, кога се распаѓаше една федеративна држава и се формираше нашата независна држава и тој до денес денеска останува како еден од најсложените закони и најтешките за спроведување во праксата заради импликациите кои ги произведува за сите кои претендираат да бидат државјани на Република Македонија. Се разбира дека во такви бурни времиња во кои се донесе законот, а и неговото спроведување, не можеме да констатираме дека само за тоа време остана како таков бурен закон. Очигледно дека и во 2000 година, осум

години по донесувањето тој и понатаму предизвикува особено кај пратениците од ПДП и ПДПА бурни и полемични расправи во врска со неговиот карактер.

Пратеничката група на СДСМ на поединечното изјаснување во врска со законот на барањето на 10 пратеници ќе гласа воздржано од следниве причини. Гласаше и ќе гласа воздржано од следниве причини.

Прво, законот е сложен иако не е голем тој произведува сериозни импликации.

Второ, имаме писмено мислење од Владата во кое и таа самата укажува дека во овој момент не треба да се донесе законот и дека треба да се почека. Владата да се изјасни за друго соодветно решение.

Трето, на нашата седница закажана за 11 јули 2000 година значи за неколку денови, сега презакажана за 18 на дневен ред е Конвенцијата за државјанство на Советот на Европа која нашата држава очигледно дека со гласање во Парламентот ќе ја ратификува и со тоа таа ќе стане правен инструмент и закон и на нашата држава и таа исто така ќе предизвикува правно дејствие. Со оглед на сите овие три моменти да се усогласат да бидеме во рамки на задачите кои треба да ги исполниме во оваа област, да ја почитуваме Европската Конвенција која во нашиот правен систем се уште не е со полна сила, ние ќе гласаме воздржани. Уште од сега најавуваме дека расправајќи за Европската Конвенција за државјанство и ратификувајќи ја ќе ги имаме во предвид и тие решенија, а врз основа на неа очекуваме Владата да понуди проект и тогаш ќе се изјасниме врз основа на веќе ратификуваната Конвенција на Советот на Европа и другиот закон. Сега сметаме дека е преуредено да се изјаснуваме навистина неколку денови пред гласањето за ратификација на оваа Конвенција. Имаме во предвид и ова што го кажа заменикот министер кој кажа дека набрзо Владата ќе излезе и со сопствен проект. Се разбира дека не очекуваме дека ваквото настапување на господинот министер во својство на претставник на Владата беше само за да ја смири атмосферата во Парламентот, туку дека навистина се работи за програмска заложба на Владата на Република Македонија. Меѓутоа, за тие решенија ќе ги цениме тогаш кога Владата ќе ги понуди. Од тие причини ќе гласаме воздржани по овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Процедурална забелешка има господинот пратеник Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине потпретседател, дами и господа пратеници, заради објективното информирање на јавноста јас бев принуден да интервенирам. Законот за државјанство е донесен во времето на мандатот на господинот Бранко Црвенковски. Меѓутоа, за мене не е важно кога е донесен законот, кој беше премиер, меѓутоа за мене е јасна една работа господине Харуни. Законот е рестриктивен, законот е во штета на сите граѓани кои не го имале решено статусот на државјанство. Тоа е се. Околу ова прашање мислам дека не треба многу да губиме време. Меѓутоа, јас знам многу точно дека веднаш после донесување на овој закон ниту седум дена не поминаа, се случија Бит пазарските настани. Исто така и Бит пазарските настани се случија во време на мандатно кога беше премиер господинот Бранко Црвенковски. И не случајно беше поврзан овој случај со донесувањето на овој закон. Ние тогаш разговаравме за сите овие работи, за сите овие проблеми, но уште еднаш повторувам, не е важно кој беше премиер кога се донесе овој закон, важно е да се каже пред јавноста и пред пратениците дека овој закон треба да се измени, токму затоа што е рестриктивен и не нуди никакво решение за една категорија на луѓе. Тоа го знаат сите, а поготово го знаат оние кои се соочуваат со проблемот и тука нема дилеми. И зошто ние сега да се конфронтираме меѓу себе и да го политизираме проблемот и да го гледаме од партиска линија. Точно е тоа дека осум години како е во примена овој закон. Ние не сме имале прилика да имаме предлог за изменување и дополнување на овој закон. Ова се случи за прв пат што е за поздравување. Јас гласав "за" и тука нема дилема, бидејќи се однесува за интересот на граѓаните. Тука нема партиска припадност.

(Реакции од пратениците дека ова не е процедурална забелешка)

Се однесува за некои работи кои треба да разјаснат. Некој имаше процедурална забелешка и на говорница се задржа половина час, а вие интервенирате што јас еве после два месеца барам процедурална

интервенција, а вие реагирате. Немојте, смирете се.

Јас сметам дека овој закон треба да се измени, меѓутоа дали ќе имаме поддршка. Јас реков дури во моето излагање дека нема да се изгласа овој закон, бидејќи јас знам дека не постои расположение ниту од позицијата, ниту од опозицијата. СДСМ тоа не го направи за 6 години, сега ќе видиме, очекуваме новата Влада, оваа Влада, бидејќи вети дека во најскоро време ќе предложи нова верзија на овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Хисни Шакири.

Процедурална забелешка има пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Без оглед на тоа во чија Влада е донесен законот за државјанство, дали во Владата на господинот академик, професор Никола Кљусев или во Владата на Бранко Црвенковски, а точно е дека е во Владата на Бранко Црвенковски, сепак законот е донесен од една од македонските влади. Овој закон одигра битна и голема улога во одржувањето на државно.-правниот континуитет на Република Македонија. Според тоа, овој закон треба да се поздрави, а неговата еволуција е во тек, бидејќи како што рече претставникот на Владата постои експертска група при Владата која работи на усогласување на овој закон со европските стандарди и светските стандарди по ова прашање. Па јас во името на пратеничката група изјавувам дека пратеничката група нема позитивно да се изјасни по овој предлог закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Чедомир Краљевски.

Поминуваме на поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - за
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - за
4. Милојко Ангеловски - отсутен
5. Стојан Андов - отсутен
6. Кирил Андоновски - против
7. Љупчо Анушев - отсутен
8. Амди Бајрам - отсутен
9. Демуш Бајрами - против
10. Фадил Бајрами - за
11. Димитар Баткоски - против
12. Мерсел Биљали - за
13. Валентина Божиновска - отсутна
14. Јордан Бошков - отсутен
15. Димитар Бузлевски - отсутен
16. Абдулади Вејсели - за
17. Слободан Гарчески - против
18. Васил Гаџовски - отсутен
19. Михајло Георгиевски - против
20. Трајко Гешоски - против
21. Александар Гештаковски - воздржан
22. Данило Глигороски - воздржан
23. Петар Гошев - отсутен
24. Слободан Даневски - воздржан
25. Замир Дика - за
26. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
27. Илија Ѓоргиев - отсутен
28. Фатмир Етеми - за
29. Васил Ефтимов - против
30. Насер Зибери - за
31. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
32. Мирко Иванов - воздржан
33. Илија Илоски - воздржан
34. Делче Ицков - отсутен
35. Никола Јованов - против
36. Весна Јовановска - против
37. Марика Јорданова - воздржана
38. Назми Кадриу - за
39. Радомир Карангелески - отсутен
40. Жарко Караџоски - против
41. Митко Киров - против
42. Лазар Китаноски - воздржан
43. Саво Климовски - отсутен
44. Стојан Ковачески - воздржан
45. Ѓорѓи Котевски - отсутен
46. Чедомир Краљевски - против
47. Илија Лазаров - против
48. Горанчо Лазов - отсутен
49. Билал Љутфии - отсутен
50. Васе Манчев - воздржан
51. Наталија Марковиќ Димова- воздржан
52. Ѓулистана Марковска - отсутна
53. Деспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - против
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - отсутна
57. Кирил Настески - воздржан
58. Рубенс Наумовски - против

59. Горан Невеновски - отсутен
60. Латиф Пајкоски - воздржан
61. Александар Пандов - против
62. Ванчо Панчев - против
63. Илија Пемов - против
64. Тито Петковски - воздржан
65. Чедо Петров - отсутен
66. Томислав Петровски - воздржан
67. Филип Петровски - против
68. Азис Положани - за
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - воздржан
71. Никола Поповски - воздржан
72. Илија Прангоски - отсутен
73. Исмет Рамадани - за
74. Љупче Ристески - воздржан
75. Ненад Ристовски - против
76. Нано Ружин - за
77. Илјаз Сабриу - за
78. Аце Сајкоски - против
79. Аслан Селман - за
80. Борче Сибиновски - отсутен
81. Вангел Симев - против
82. Ристо Спанаков - отсутен
83. Крале Спанчевски - против
84. Ѓорги Спасов - отсутен
85. Милан Ставрев - против
86. Наќе Стојановски - за
87. Томислав Стојановски - отсутен
88. Воислав Стојаноски - за
89. Благој Стојковски - воздржан
90. Златко Стојменов - против
91. Владо Сугаревски - против
92. Оломан Сулејмани - отсутен
93. Ризван Сулејмани - за
94. Мухамед Таири - за
95. Александар Талевски - отсутен
96. Мевљан Тахири - за
97. Митко Тилевски - против
98. Ѓорѓи Тодоров - против
99. Ристо Тодоров - отсутен
100. Павле Тодоровски - воздржан
101. Панде Томов - против
102. Коце Трајаноски - против
103. Горанчо Трајков - против
104. Танас Трајковски - отсутен
105. Александар Трпевски - против
106. Борислав Трповски - отсутен
107. Слободан Ќосев - против
108. Илија Филиповски - воздржан
109. Александар Флоровски - против
110. Илјаз Халими - за
111. Благој Ханџиски - отсутен
112. Сејфедин Харуни - за
113. Кастриот Хаџиреџа - за
114. Бранко Црвенковски - отсутен
115. Миланчо Черкезов - против
116. Ванчо Чифлиганец - отсутен
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - за
119. Шахиќ Алија - за
120. Радмила Шеќеринска - отсутна

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вкупно гласаа 81 пратеник, 23 "за", 37 "против" и 21 "воздржан". Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Минуваме на точка 11. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Украина со Предлог-закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Украина

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници, 77 за, 1 воздржан и два против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник, 74 за, два воздржани и 5 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, 75 се за, 3 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Украина.

Минуваме на точката 12. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министрите на Украина за соработка во областа на туризмот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министрите на Украина за соработка во областа на туризмот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 79 пратеници, 72 за, 3 воздржан и 4 против. констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеник, 65 за, два воздржани и 8 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, 76 за, воздржани 2,а 4 против

Констатирам дека Собранието го донесе законот за Ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министерот на Украина за соработка во областа на туризмот.

Минуваме на точката 13. - Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот Федерален совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот Федерален совет за одбегнување на двојното одбегнување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 85 пратеници, 79 за, 1 воздржан и пет против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеник, 65 за, два воздржани и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 88 пратеници, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот Федерален Совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Почитувани пратеници, ја прекинувам оваа седница.

За другите точки од оваа седница ќе расправаме на некоја наредна седница што накнадно ќе биде свикана.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на пратениците во Салата.

(Седницата прекина со работа во 18,15 часот)